ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при Филозофскиот факултет

5

Добредојдовте на Филозофски

НОВИ КНИГИ

независни изданија
44
зоран нацев
едукативни проекции
во
одбраната

БИЉАНА
ВАНКОВСКА
- ЦВЕТКОВСКА
ВОЈСКАТА
И
ДЕМОКРАТИЈАТА
ДЕТСКА
РАДОСТ

Внатрешен патник
Октомври 1996

Издава:
Сојузот на студентите при Филозофскиот факултет - Скопје
ул. „Крсте Мисирков“ б.б. - Скопје
ж. с-ка 40100-678-39981
тел. 116-520 локал 230

Главен и одговорен уредник:
Тони Милески

Редакција:
Оливер Бакрески
Александер Јосифоски
Маја Петрушевска

Соработници:
Зоран В.П., Јанка Т., Светлана А., Гордана А., Игор В., Миланчо М., Игор Б.М., Соња А., Деан И., Игор Б., Валентина П., Игор Ѓ., Коце С., Љубица С., Евица Ц.,

Техничка обработка:
Игор Ѓуровски

Компјутерска обработка:
ЕИН-СОФ, Скопје

Печати:
МНИП „Растер“ - Прилеп

Тираж:
1500 примероци

Според мислењето на Министерството за култура на Р.М. број 08-2765/2 од 14.04.1995, за списанието Внатрешен Патник се плаќа повластена даночна стапка.

Покровител:

OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА

6 *Добредојдовте на филозофски*
7 *ИНТЕРВЈУ Сместување во студентските домови*
10 *Колку тежат современата армија и современиот војник*
13 *Децата и нивните родители*
14 *Да се живее или не*
16 *Хендикепираните лица и социјалната заштита*
17 *Егоизмот и логиката на социјализацијата*
19 *Раѓање христово*
20 *Гоцевата промена во последната година од животот, проследенанеговите зборови*
22 *Водата и нејзиното значење*
24 *Од практичната настава на студентите од институтот за одбрана*
26 *Уметнички споменици- Прилеп со околината.*
29 *Улогата на солзите во секојдневниот живот.*
30 *Креирање на ненасилна иднина.*
32 *Thin vhite rope*
40 *Сјајот и бедата на проституцијата*

Што сакав да кажам...

Можам да констатирам дека нашата соработка оди по нагорна линија. Се е поголем бројот на студенти кои имаат желба да пишуваат, сугерираат па и критикуваат. Текстовите кои ни ги донесовте во редакцијата се мошне интересни и пред се квалитетни. Содржината на овој број можеби малку ќе се разликува од претходните. Воведени се нови рубрики со интересни прилози, кои се надевам ќе го привлечат вашето внимание. Целта ми е со ваша помош „Внатрешен патник“ да стане огледало на вашиот студенски живот, способен да задоволи многу ваши поотреби и да се вклопи во различните читателски вкусови.

На сите бруцоши им посакувам успех во студирањето.

Тони Милески

Од Сојузот ...

Почитувани колешки и колеги,

Најпрвин сакаме да Ви изразиме голема благодарност за мошне добриот одзив на нашето обраќање до Вас, објавено во претходниот број на списаниево. До нас доставивте голем број интересни текстови кои со своите висококвалитетни содржини го најдоа своето место на страниците на овој број. Со тоа го овозможивте излегувањето на овој број на нашето списание и на вистински начин ја изразивте вашата доверба кон нас. Како и досега, и во иднина ќе се залагаме таа доверба да ја оправдаме. Се надеваме дека нашата соработка и понатаму ќе продолжи.

На нашиот факултет во пресрет доаѓа значаен јубилеј. На 16 декември се навршуваат педесет години од почнувањето со работа на првата високошколска институција во нашата земја, Филозофскиот факултет. Во таа чест, во текот на декември, од печат ќе излезе јубилејниот шести број на „Внатрешен патник". Ги молиме сите студенти кои сакаат да објавуваат текстови посветени на овој јубилеј, како и од сите области за кои сакаат да пишуваат, да стапат во контакт со студентската организација. Како и досега, текстовите се разгледуваат со најголемо внимание, се објавуваат во весникот, и за нив и понатаму следува хонорар. Бесплатната дистрибуција го прави весникот, а со тоа и Вашите текстови, достапни на сите студенти на Филозофскиот факултет.

Сите оние кои сакаат да контактираат со претставниците на студентската организација тоа можат да го направат ако дојдат во нејзината просторија на Филозофскиот факултет или пак да се јават на телефон 116 - 520 локал 230.

За соработката однапред Ви благодариме.

Со почит,
ССФзФ

Добредојдовте на Филозофски

Последната година од четиригодишното средно образование претставува пресвртница во животот на секој млад човек. Тоа е период во кој стануваме полнолетни и почнуваме сериозно да размислуваме за тоа што ќе правиме во иднина. За оние кои сакаат да го продолжат процесот на образование единствената алтернатива е упис на факултет. Но тука веднаш се поставува прашањето: „Како да се избере соодветниот факултет?“ На ова прашање не е тешко да се одговори. Секој треба да студира тоа за што има желба и афинитет. Оние млади луѓе кои во иднина се гледаат како воспитувачи на идните генерации во средното образование, конкурираат на една од десетте групи на Филозофскиот факултет. Големиот интерес за оваа хумана професија и оваа година ги направи сите групи на Филозофскиот факултет многу конкурентни. Токму затоа со индекс се здобија само оние кандидати кои се покажаа најуспешни на приемните испити. За овие наши колеги, уписот на најстарата високошколска институција во земјата, значи вистински избор на нивната идна професија. Високостручниот наставнички кадар кој работи на нашиот факултет ќе им ги пренесе своите знаења и ќе ги оспособи за понатамошно пробивање низ животот.



Претседателот на ССФзФ, Оливер Бакрески, им се обраќа на студентите

Пред нашите колеги стојат четири студиски години исполнети со убави моменти од кои ќе произлезат спомени кои ќе ги паметат во текот на целиот живот. Не попусто, секој кој бил студент, на тој период си спомнува како на најубавиот во неговиот живот.

По повод почетокот на новата учебна година, на 1. октомври во 11,00 часот се одржа свечен прием на новите студенти. Најпрвин ним им се обрати деканот на Филозофскиот факултет Проф. д-р Трајан Гоцевски. Во неговото обраќање, полно со оптимистички моменти, деканот ги поздрави студентите и им пожела што побрзо дипломирање и успешно вработување. Потоа студентите ги поздрави Оливер Бакрески, претседател на ССФзФ. Тој им укажа на значењето на студентската организација и на нивното место во неа.

Новата учебна година веќе е во тек. Добрата посетеност на предавањата укажува на интересот на новите студенти за наставата. Останува да им посакаме добредојде на нашиот факултет, успешни студии и убав студентски живот.

Александер Јосифоски

Сместувањето во студентските домови

Еден од поголемите проблеми на кои наидуваат студентите и тоа оние кои доаѓаат од внатрешноста на Републиката, е проблемот со сместувањето по студентски домови.

После завршувањето на крајниот рок за доставување на соодветната документација во пунктовите за прием, започна неизвесноста.

По некаква традиција и оваа година Филозофскиот факултет т.е. неговите студенти, документите за сместување ги доставија во СТД: „Стив Наумов".

Другарувањата помеѓу студентите продолжија и во текот на летниот период, како помеѓу колегите, така и другарства воспоставени по разни основи.

Многу честа тема на разговор беше, што ќе се случува оваа година, дали ќе се добие место и дали тоа ќе биде во саканиот дом.

Кај некои студенти преовладуваше мислењето дека оваа година многу побезболно ќе се заврши горенаведениот проблем. Имаше одреден број студенти кои се надеваат на некои свои врски, со тоа што ќе го искористат своето влијание и ќе им завршат работа. Не изостануваат мислењата и од оние кои сметаа на комисијата за сместување, надевајќи се, со тоа што ја познаваат, проблемот ќе им биде надминат.

Со право може да се каже дека Филозофскиот факултет оваа година доби поголем број на места по студентските домови, за разлика од претходната година кога бројот беше симболичен. Но, и покрај тоа што годинава имаше поголем број на места по студентските домови, неминовно се поставува прашањето, дали студентите беа задоволни од вселувањето или пак очекуваа повеќе. Се поставува и прашањето, дали постоеше некаква регуларност оваа година. За таа цел е направено интервју со комисијата за сместување по студентски домови, која беше директно вклучена во решавањето на овој проблем.

Внатрешен патник (ВП): Најпрвин, како дојде до тоа вие да станете член на комисијата за сместување, и кој сè може да стане член во таа комисија?

Тихомир Маркоски (Тихо): Според Статутот на Студентски центар и Правилникот за работа на комисијата, комисијата ја сочинуваат 5 члена, и тоа: двајца членови од Сојузот на студенти, двајца вработени во Студентски центар и еден член од ректорат. Членовите на комисијата се предложени на Големиот Совет на Студентски центар и таму беа изгласани.

Перо Митрев (Чонка): Најпрво би сакал да кажам дека комисијата ја формира Големиот Совет на Студентски центар, во кој што има три структури: општествена заедница, вработени и корисници на услуги - совет на станари. Комисијата брои 5 члена од кои се: еден од ректоратот, двајца од вработените во Студентски центар и 2 студенти.

В.П.: Делегирани сте од различни страни, дали комисијата дејствуваше како целина или имаше раздор?

Тихо: Пред да почнеме со разгледување на молбите за користење на услугите на Студентски центар, комисијата се состана неколку пати и плус претставници од Министерството за образование. На тие состаноци се договори да совесно и одговорно пристапиме кон работата

бидејќи се работи за сериозна проблематика.

Дали настапувавме како целина, јас мислам дека работевме доста екипирано. Работевме во континуитет еден и пол месец, со тоа што ги запазивме сите рокови на истакнување како на ранг листи, така и на листи за распределба по студентски домови.

Тихо: Оваа година за прв пат делегираните студенти беа еден од ССУКМ (Тихомир), а додека другиот од Советите на станари (Перо). Без разлика на тоа што беа од различни страни делегирани, комисијата во своите ставови беше единствена.

В.П.: Како го коментирате тоа, меѓу студентите кружат гласови членовите на комисијата работеа на тоа кој повеќе да смести „свои луѓе" за потоа да ги употреби како гласачко тело за изборите во Совет на станари или евентуално во изборите на ССУКМ?

Тихо: Одговорно тврдам дека се почитуваше конкурсот за сместување т.е. критериумите кои треба да ги исполнуваат студентите. Тоа се само гласини.

Чонка: Тоа потполно го негирам поради тоа што сметам дека било кој член на комисијата совесно и најодговорно си ја вршеше работата.

В.П.: Како го коментирате тоа што апсолвенти се сместени во бараки или воопшто не се сместени?

Тихо: Сакам да истакнам дека по објавувањето на ранг листите даден е рок од 5 дена за поднесување на приговори. Значи секој незадоволен студент од рангирањето можел да поднесе приговор и истиот да биде разгледан.

Чонка: Сметам дека такви случаеви односно студенти кои што ги исполнуваат сите услови (како редовност, така и од материјална страна) во никој случај не се сместени во бараки или непримени. Едино ако станува збор за студенти кои имаат губено година и материјално се добро ситуирани, со што нивното бодовно салдо е значително намалено на самата ранг листа врз база на формулата која што ја дава компјутерот.

В.П.: Помеѓу студентите кружат гласови дека оваа година се продавале места, колку има вистина во тоа?

Тихо: Треба да се разграничат две работи: продавање на места од страна на комисијата и продавање на места од самите студенти вселени во студентските домови.

Тврдам дека со вакви работи комисијата не се занимаваше. Значи, од 1. септември што се случувало со местата, дали се продавале или не, тоа е работа на самите сместени студенти.

Чонка: Што се однесува до оваа пропаганда, јас како член на комисијата и целата комисија, со потполна одговорност тврдам дека тоа се невистини, и дека комисијата не е вмешана во таква игра.

В.П.: Како го коментирате тоа што има студенти кои имаат дипломирано, но повторно се сместени во домот, наспроти други кои сеуште се на студии и се препуштени на самите себе?

Тихо: Сакам да ја појаснам оваа работа. Конкурсот за прием на студенти траеше еден месец, значи



скоро цел јуни и почетокот на јули можел студентот пред да дипломира да ги поднесе документите, а во текот на јуни и јули да дипломирал. Поради тоа од страна на ректорот е испратено писмо до сите студентски служби да дипломираните студенти во претходните месеци бидат ставени на тој список. Постапката се спроведува, на местото на дипломиран, се става студент кој не е вселен.

Чонка: Што се однесува до студентите кои моментално дипломирале, ние како комисија донесовме став доколку тие се откријат, да бидат иселени а на нивно место вселени студенти од истиот факултет кои што конкурирале и поради ограничен број на места се наоѓаат на листата на чекање. Нормално, за реализација на овој наш став потребна е соработка како со непримените студенти, и пред сè со студентските прашања на матичните факултети. Со тоа би се скратила можноста дипломиран студент да манипулира со местото.

В.П.: Во домот се среќаваат слободни места. Зошто тие не се вселени и зошто се чуваат?

Тихо: Многу пати ова прашање е поставувано, и местата со кои располага комисијата се целосно распоредени. Слободни места кои ги има по студентските домови се од Матица на иселеници и од Министерство за образование, за нивните потреби кои претходно писмено се обратија до комисијата за сместување.

Чонка: Моментално се останати само местата кои што се дадени на Министерството за образование и Матица на иселеници и Завод за техничка соработка. Тие места би требало да бидат пополнети до крајот на октомври.



В.П.: Ви благодариме што издвоивте дел од вашето време, за да одговорите на поставените прашања, дали имате нешто да додадете?

Тихо: Оваа година имаше поголем број молби за прием во студентските домови од страна на студентите на Филозофскиот факултет. Мислам дека соодветно со бројот на молби поделени ви се соодветен број легла по студентските домови. Ви благодарам што најдовте простор во вашето списание каде се пишува за студентскиот стандард. Поздрав до сите студенти на Филозофскиот факултет, се надевам на понатамошна соработка.

Чонка: Вашето списание е едно од најдобрите кое што се чита со посебен респект, и сметам дека вашиот принцип и заинтересираност за комплетна информација на студентите, треба да им послужи и на другите студентски сојузи, бидејќи крајно време е да се развие свеста кај сите студенти за нивна ангажирана информација не само во поглед на полагање испити, туку и нивна ангажираност во останатите структури со што нивните права, како студенти на многу полесен начин би ги реализирале.

Да се надеваме дека во иднина, сместувањето во студентските домови нема да претставува главоболка за студентите.

Интервјуто го водеше:
Оливер Бакрески

КОЛКУ „ТЕЖАТ" СОВРЕМЕНАТА АРМИЈА И СОВРЕМЕНИОТ ВОЈНИК



Денес ретко ќе се најде држава во која, одвреме-навреме, не се актуелни полемиките околу прашањето: како најдобро да се организираат вооружените сили, односно армијата?

Армијата како специјализирана вооружена организација на државата, подготвена и организирана за водење вооружена борба е и главен државен инструмент за зачувување на нејзината независност и територијален интегритет.

Ако тргнеме од историски аспект ќе се забележи дека армии се формираат уште во робовладетелското општество, од редот на слободните граѓани, а вооружените формации на некои источни земји, Египет и Индија на пример добиле и кастински обележја. Водењето на долготрајни војни предизвикало потреба да се формираат и постојани, наемнички или платенички војски. Така фалангата на Филип II и на неговиот син Александар III Македонски ги имала сите обележја на постојана професионална војска со тешка, средна и лесна пешадија и тешка и лесна коњица.

Во средниот век, витезите кои војувале за сметка на своите суверени, можат да се наречат професионални војници.

Во новиот век се формираат професионални војски. Тоа први го направиле Холанѓаните и Швеѓаните, во втората половина на XVII век. Притоа ангажирале и странски платеници.

Ни денес, главно, ситуацијата не е многу изменета.

Во Европа, професионална војска има Велика Британија и некои држави-градови, а пошироко, во светот САД, Австралија, Канада, Индија, Пакистан и Никарагва. И многу други земји (Франција, Италија, Шпанија), ги плаќаат своите војници, но за разлика од првите, пополната ја вршат со општа или селективна регрутација.

Денес човекот негува војски под општа воена обврска, масовни, постојани и професионални, за разлика од минатото кога се формирани по потреба, за одбрана на градовите и имотите, собирани набрзина пред освојувачките и пљачкосувачките походи. Но тогаш немало такви држави како што се создадени со последната генерација: со таква и толкава моќ.

Оттука, несоодветно е да ги споредуваме тогашните со денешните војски, а притоа, да ги занемариме реалностите на определена епоха. Најнапред, војските биле војски за една решавачка битка, а коњот бил најбрзото превозно средство на воините на кој можело да се „прегазат до десетина километри на час“. Денес, за исто време, пилотот на современ ловец може да „прегази“ повеќе од 2000 километри.

Затоа, може да се констатира дека развојот на техниката влијаел на организацијата на војската. Најчесто, најразвиената држава имала и најразвиена војска.

Истото важи и за војникот како поединец (иако тој немал одвоена улога од војската). Неговиот развој го следиме од воин вооружен со стап, лак и стрела, но, денес стигнал до пилот (космонаут) на ракетоплан (спејс шатл). Во почетокот, војникот од облека имал само една прегача, а денешниот пилот би му личел како човек од друга планета или би мислел дека се „соочил“ со самиот Господ.

Но, бидејќи и денес постојат „пешаци“ ќе фрлиме кус преглед и врз нив. Главно, нивното место и улога се менувале од основни и главни носители на борбите, па преку комбинирање подршка со други сили, до фактот денес, речиси, и нема класичен „пешак“. Тој е превезуван до местото на битката со транспортер, тенк, чамец, брод или хеликоптер. На „стариот добар пешак“ не му беше потребна ни „грам“ памет, освен да го „препознае“ противникот и да јуриша на него. На денешниот, пак и „сиот ум“ му е малку за успешно ракување со најсовремените електронски оружја-ноќни нишани, разни рачни противавионски и противтенковски ракети, радио и други врски, ампули против разни отрови чија употреба во современа војна е можна. Дури, современите стратези го поставуваат прашањето за на-

малување на јазот меѓу човек-војник и високата технологија на воените системи. Се разбира, во полза на војникот.

Сето тоа заедно, директно влијае и врз цената на издршка на еден војник во современата армија, односно на количината пари што една земја ги издвојувала за потребите на својата војска. На пример, денешниот албански војник државата ја чини 847 американски долари, грчкиот и унгарскиот по 14.000, францускиот, холандскиот, германскиот војник чинат по околу 80.000, америчкиот (САД) 144.887, канадскиот 163.058, британскиот 131.034 долари, а приматот го држи малку чудно но сепак реално Саудиска Арабија со „цели" 199176 долари. Сепак се поставува прашањето: колку чини македонскиот војник? За него нашата млада држава издвојува цели 5. 000 американски долари.

Современата армија не може да се замисли без соодветниот техничко-технолошки развој, во кој соодветен удел имаат науката, економијата и политиката. Но, за да се следи развојот на современото вооружување потребни се огромни финансиски средства, кои од друга страна имаат и соодветно влијание врз економијата. Од друга страна предметите кои се нарекуваат „оружје", во техничко-технолошка смисла, многу брзо застаруваат, што денес се смета за секојдневна појава. Затоа, ништо необично ако се знае дека, практично, најголемиот број различни видови оружја се застарени веќе во моментот кога ќе влезат во сериско производство.

Без конкуренција, најскапиот вид на вооружените сили, односно на војската е воздухопловниот вид-воената авијација.

Наследниците на американскиот бомбардер на крајот од Втората голема војна врз Хирошима и Нагасаки го истури смртоносниот товар Б-36 и Б-47, во 1957 година беа гордост на американското военo воздухопловство. Веќе во 1960 година тие се заменети со Б-52, а наскоро потоа и со Б-58 итн.

Слична е состојбата и со цените. Во 1960 година бомбардерот Б-52 чинеше четири пати повеќе од Б-36 три години порано. Бомбардерот Б-58 беше поскап и од златото. Според цените од 1960 година еден килограм злато чинеше 1000 американски долари, а еден килограм на тој бомбардер 1134 долари. Денес, според процените на западните аналитичари, еден килограм од последниот американски бомбардер Б-2, познат уште и како „невидлив" или „стелт", чини колку еден и половина килограм злато. Тоа, преведено на секојдневниот јазик значи дека цената на секој апарат во претсеријата изнесува нешто повеќе од две милијарди долари. Американската влада смета дека нарачаните 132 сериски авиони од тој тип ќе ја чинат, речиси 60 милијарди долари.

Ако уште малку се обидеме да ја анализираме цената на предмалку споменатите 132 стратегиски бомбардери од програмата „стелт" и неа ја споредиме со некои други производи на воената индустрија, ќе заклучиме дека со тие пари можат да се изградат 15 носачи на авиони од класата „Нимиц". Следејќи ја таа цена како ориентир, ќе дознаеме дека еден современ авион ловец чини меѓу 50 и 80 милиони долари, тенк меѓу 4,8 милиони германски марки (на пример гермаскиот „Леопард-2") до 5,5 милиони марки колку што го продаваат Американците својот „абрамс М-1". И така натаму.



Честопати се прашуваме, колку чини една војна?
Колкава е цената на смртта?

Да се определи цената на војната точно, речиси е невозможно. Но да се определи цената на смртта, тоа е нешто друго. Имено, кој и да го прашаме на нашата мала „сива планета" колку вреди човечкиот живот, секој ќе одговори дека животот на човекот нема цена. Но, животот



на убиениот војник има цена. Така на пример во Првата светска војна еден убиен војник „чинел“ околу 20 000 долари, додека смртта на неговиот син во Втората светска војна завојуваните ги чинела околу 200 илјади долари.

Позната е и цената што ја платија Американците во Виетнамската војна. Нив, еден убиен борец од спротивната страна ги чинеше во 1967 година 353 436 долари, а веќе следната, 1968 година цената беше поголема за 6 393 долари. Се тврди дека тоа е закономерност-цена на војната за еден убиен војник толку да расте секоја година. Следејќи ја таа логика, во 1993 година таа изнесуваше 519 623 илјади долари за еден мртов противник, а во 2000-та година еден убиен војник ќе чини повеќе од половина милион долари.

За крај, сметаме дека нема да биде претерано ако уште еднаш, во врска со цената, нправиме споредба.

Имено, фабричката цена на најновиот модел на еден од најпопуларните автомобили денес „голфот“, е околу 9 000 долари. Сега, замислете ја следнава релација: Велика Британија издржува професионална војска од 290 илјади војници, а на секој од нив Обединетото кралство троши, ни малку ни повеќе, туку точно 131 034 долари или да ја земеме во предвид смртта на еден противник во почетокот на дваесет и првиот век.

Па, зошто човекот војува!?

Ѓоревски Игор



ДЕЦАТА И НИВНИТЕ РОДИТЕЛИ



Живеејќи во динамиката на денешницата, оптоварени со обврски и должности, лутајќи во лавиринтот од својот живот, родителите како да заборавaат дека и тие биле деца, дека и тие сакале и имале свои идеали кои ги оптоварувале.Но денешниот човек со сè поголем чекор качувајќи се на скалата од својот еволутивен развиток единствено тежнее само за материјална сигурност, ги запоставуваат своите деца осакатувајќи ги многу со тоа што им нудат пари, мислејќи дека тие сами ќе ги изберат својот пат. Се разбира тие и го избираат „само кој“? Мислејќи дека тука се нивните родители кои мораат да им дадат сè па дури и да им ја купат и животната цел. Мислејќи дека направиле добро тие всушност направиле младиот човек да ја изгуби својата индивидуалност и своето „јас“, тој е човек кој може поради само еден проблем да пропадне за цел живот, така пропаѓаат децата на презафатените и амбициозни родители кои поради своите неостварени идеали истите им ги наметнуваат на своите деца, па и тоа да не е нивна желба.

Помогнете им на своите деца, посветите им толку љубов и внимание, но оставете ги сами да си го изберат својот пат. Советувајте ги, но не им ги наметнувајте своите желби и амбиции.

Младите се тие кои треба да го изберат својот пат, да градат свој живот и само тие единствено тие и никој друг да донесуваат одлуки зашто тие ќе го живеат животот и никој друг. Не очекувајте сè од судбината зашто животот ни е премногу краток за да ѝ се препуштиме нејзе, учете, борете се за мир и градете ја својата иднина, зашто кога би се нашле на улица како и милиони други млади кои ја бараат својата егзистенција, ќе нема никој да ви помогне.

Петревски Роберт

Да се живее или не



Феноменологија на самоубиствата

Во својот „Мит за Сизиф" Албер Ками вели: „Само еден филозофски проблем навистина е сериозен а тоа е самоубиството, зашто тоа е основното прашање: да се живее или не. Во бесмислената егзистенција може да се даде само еден одговор: бунт, револт, смрт."

Човекот се раѓа за да живее, да создава, да се усреќува, да тегне и страда но и да се самопотврдува. Неговата животна историја претставува константна борба за создавање подобри услови за живот. Оттука и чинот на самоубиството се смета за едно од најнелогичните и најнеприфатливите човекови дејствија. Самоубиецот ја сваќа смртта како преминување во некоја друга состојба но не и како негово исчезнување засекогаш. Сите самоубијци се надеваат дека ќе преживеат но истовремено на некој нејасен начин очекуваат дека ќе умрат. Кај повеќето од нив постои една неоправдана и неоснована надеж дека предизвикувањето на смртта ќе може да го искористат за менување на околината, на она што нив ги довело субјективно до смртта. Писмата што ги оставаат самоубијците покажуваат колку живо овие лица се интересираат за тоа што ќе се случи по нив, како ќе се објасни нивниот чин. Изолираноста што со себе ја носи големиот град носи со себе и силен поттик кон самоубиства.

Голем број од истражувањата укажуваат на фактот дека најмногу доминира бесењето пред другите начини на самоубиства и тоа кај мажите во Швајцарија, а жените се даваат во вода. Труењето со гас е карактеристично за англичаните, а труењето со отрови за жителите од Латинска Америка. Мажите во САД се служат со оружје, а жените земаат пилули. Самоубиствата најчесто се извршуваат за време на викендите и во празничните денови, обидите за самоубиства до 80% ги вршат девојките и тоа најчесто во ноември. Средствата што ги употребуваат мажите даваат поголема гаранција за остварување на намерата. Жените почесто се трујат бидејќи веруваат дека на тој начин се причинуваат помалку страдања и болки, а лешот останува неизменет, а мажите пукаат и се самопотврдуваат. Тие се доведени во објективна ситуација да одлучуваат и да ги разрешуваат проблемите, а жената и по својата општествена позиција е во ситуација да смирува и да изнајдува подобри решенија. Затоа самоубиствата се појава карактеристична за мажите, додека кај жените е високо учеството во обидите за самоубиство. Кај нив е послаба волјата за самоубиство, поглема пасивност, отсуство на ладнокрвност и упорност во намерата, на жената им е поблиска демонстрацијата отколку самото дејствие.

Се наведува дека самоубиствата се карактериастика за лицата над 51-60 год., а обидите за самоубиства за лицата од 21-30 год. Во последно време самоубиствата почнуваат да стануваат значајни за адолесцентите. Во Р. Македонија тие се особено карактеристични за постарите луѓе. Нашите и туѓи искуства покажуваат дека лицата што не се во брак почесто се одлучуваат на самоубиство отколку оние што се во брак. Бракот се јавува како институција што го спречува животниот авантуризам.

Самоубиството просторно се врши на местото каде што се и причините за самоубиство, 50% од самоубиствата се сторени во станот, при што жените тоа го прават почесто. Во поглед на времето самоубиствата најчесто се вршат во утринските часови, од 7-10^{h} и тоа во вторник и понеделник, а месец мај е најкритичен.

Како мотиви за самоубиство се наведуваат депресии, душевни заболувања, семејни проблеми, несреќна љубов, љубомора, несакана бременост, осаменост и отфрленост, тешкотии од материјална и професионална природа.

Благодарение на сè поинтензивниот индустриски развој, урбанизација и последиците што со себе ги носи големиот град се покажува тенденција на зголемување на самоубиствата не само во светот туку и кај нас.

Поради тоа постоењето на специјални центри за превенција на самоубиствата какви што има во голем број западни земји и САД е од големо значење. Тие институции се организираат како клиники во кои се настојува да се отстранат, да се излечат оние состојби кои доведуваат кај личноста до ваква појава. Целта на овие центри е да го откријат суицидантот или лицето што се обидело да стори чин на самоубиство. Искуството од работата на овие центри укажува на тоа дека 50 до 80% од лицата што се обраќаат до овој центар и бараат помош се наоѓаат во кризна состојба, дека тие сакаат да умрат. Најголем број повици за помош има во празничните денови и викендите од страна на осамени лица но не е мал бројот на повиците и во текот на останатите денови.



Во последно време кај нас во превенирањето на самоубиствата големо внимание им се посветува на телефонската врска позната како „пријателска линија“ или „телеапел“. Во овие центри постои специјален телефон чиј број е публициран пред јавноста, на него може да се јави секое лице што се наоѓа во суицидална криза и да побара помош од стручно лице кое е дежурно на тој телефон.

Очигледно дека се работи за мошне лабилни лица кај кои моралот, чувството за вина, толеранција, самопотврдување и самодокажување не постои. Личности каде среќата и тагата се испреплетени.

Јанка Трајанова

Хендикепираните лица и социјалната заштита

„Да се владее со себе толку, за да можеме да ги почитуваме другите како самиот себе и да постапуваме со нив како што сакаме со нас да се постапува, ете тоа може да се нарече наука за човекољубието. Над тоа нема ништо.“

Конфучие

Специфичните потреби, што ја карактеризираат животната егзистенција на лицата со пречки во психо-физичкиот развој, условени од видот и степенот на хендикепираноста, како последица на бројни етиолошки фактори, се манифестираат во мошне широк дијапазон.

Од социјален аспект, состојбата на хендикепираност е причина за десоцијализација и дезинтеграција на лицата со пречки во психофизичкиот развој, а тоа доведува до потешкотии при нивното вработување, еманципирање, идентификација и во општествениот живот.

Појавата на хендикепирани лица може да се јави и како последица на капиталистичкиот систем, односно на секој експлоататорски систем. Овој систем во прв ред бара работна сила која ќе може да ја експлоатира. Во такви услови хендикепираните лица се наоѓаат во една безизлезна инфериорна положба.

Поинаква е ситуацијата во социјалистичкото општество кое им дава можности за вработување и живеење на сите свои членови. Развиената свест во социјализмот го сведува на минимум бројот на хендикепирани лица, преку намалување на причините за овие појави, како нужно така и законито.

Хендикепираните лица се социјален проблем во услови кога силата на работничката класа е од голема важност и кога опортунизмот на буржуаската класа морал да почне со грижа кон овие лица, кои во голема мера им го „расипуваат“ убавиот впечаток што сака да го создаде буржуазијата за себе и за својот општествен систем.

Со осовременување на животот, се оди кон тоа секој граѓанин да се оспособи за активно учество во истиот, така што ќе бидат посреќни и општествени покорисни.Од тука произлегува дека на социјалната заштита на хендикепираните лица треба да се посвети големо внимание, како од гледиште на хуманизмот, така и од гледиште на економијата на земјата.

Познато е дека секој човек во текот на својот активен живот (периодот од 20 до 60-та година) произведува далеку повеќе, од колку што е потребно за неговите лични потреби. Хендикепираните лица не се способни да произведуваат во толкава мера, но можат да произведат онолку вредности колку што е потребно за обезбедување на нивната егзистенција.

Тоа е доволно за нивна лична сатисфакција и среќа, а ги оправдуваат и вложените давачки од општествената заедница за нивната рехабилитација.

За да се надминат сите потешкотии на кои хендикепираните лица наидуваат во текот на својот живот, треба да се делува на свеста на луѓето кои не се засегнати со овој проблем. Во обезбедување на понормален, побогат и посодржаен општествен живот за хендикепираните лица неопходно е програмирано и пошироко општествено ангажирање.

„Да се сака човекот заради неговите добри особини не е никаква вештина. Но, ние мораме да го сакаме и покрај неговите недостатоци.“

Гете

Соња Андоновска

Егоизмот и логиката на социјализацијата



Ако во барем еден момент од животот застанеме и онтолошко-критички го анализираме она што сме го доживеале, она што сме го одживеале и ова што го живееме, тогаш она што следува ќе биде умерена средина на она што сме го замислиле. Доколку вака гледаме на работите пред нас ќе искрснат прашања од типот: Зошто го правиме ова?, Зошто го одбрав тоа?, и т.н.

Овие прашања очигледно се во врска со нашата интенција во животот. На овие прашања може да се одговори единствено доколку реално се оцени она што сме, во она што нѐ опкружува. Реалниот (народски) одговор би бил зошто така сакаме, а искажано со зборовите на Фројд - тоа лежи во основа на нашиот „ид". Овој одговор не е нималку случаен, туку потврден со „законот за ефект" кој вели дека побрзо се учат оние реакции кои водат до задоволување на потребите (Торндајк), само се остава дилема за размислување: дали егоизмот ѝ претходи на социјализацијата како процес или обратно?

Да продолжиме со претпоставката дека јас сум некој, а тој некој е предмет на давање и земање. Се поставуваат две прашања: дали како предмет би бил заинтересиран за награда од било каков вид?, и дали како „некој" би сакал да ме отуѓат?

На првото прашање без разлика дали сум наречен некој или предмет ќе се подложам на тортура од награда. Одговорот на второто прашање е не, зошто подобро е да се промениш од (некој и предмет) во (нешто и ништо), отколку да го променам она што сум (егото).

Ако идентификацијата претставува усвојување на глобални облици на однесување, се наметнува прашање од видот дали се пресудни сличностите (вредности, ставови) со моделот или пак латентното делување на его состојбата? Со ова се продлабочува јазот помеѓу социјализацијата и егоизмот.

Можеби токму во имитацијата лежи клучот на одговорите на поставените прашања. Ако имитацијата се сфати како облик на социјализација и истата служи за задоволување на некои вродени мотиви (Мек Дугал), генералното прашање на проблемот ќе биде која е логиката на социјализацијата ако егото е носител и творец на сѐ што постои и израз на негова цврстина? Дали би била потребна социјализацијата без постоење на его состојбата и дали социјализацијата е его на некој друг процес?

Едноставно, одговорот би бил од хипотетички карактер, а трудот маргинализиран доколку не се постигне целта: отвореност и конструктивност, алтернативност и упорност во проучувањето на проблемот.

Илиев Деан





- сцена: Раѓање Христово

Прикажаната композиција на која е насликано раѓањето Христово, датира од почетокот на XIV век и на неа се претставени најубавите особини на стилот на раниот XIV век, кој брзо се ширел помеѓу уметниците на Балканот. Техниката со која е изработена оваа икона е темпера на дрво, со димензии 44,5 x 17,3 см, насликана од непознат мајстор кој работел во Охрид. Нејзината лева половина денес се наоѓа во Народниот музеј во Белград, додека десната половина е во Уметничката галерија во Скопје.

Раѓање Христово,
темпера на дрво
Охрид, почеток на XIV век.
Лева половина:
Народен музеј, Белград
Десна половина:
Уметничка галерија, Скопје
димензии 44,5 x 17,3 см
Непознат мајстор,
кој работел во Охрид.

Раѓање Христово

Циклус
„Велики празници“

„Уште во првиот миг кога го виде детето, Јосиф беше свесен дека е некако необично, поинакво од другите деца. Длабоко чувствуваше дека ова новороденче, дошло на свет да даде сè од себе, а да не земе ништо за себе.“

Низ градот Назарет се рашири веста за заповедта од Рим: да се изврши попис на населението од целото царство. Тоа беше царска заповед од Цезар Август, кој бараше секој негов поданик да се изброи и да биде попишан во местото од каде потекнува.

За дрводелецот Јосиф тоа значеше дека ќе мора да отпатува за Витлеем, а со него и Марија. Тоа беше градот на цар Давид, град од кој потекнуваат нивните претци, оддалечен од Назарет 75 милји. Им претстоеше пат од три дена, пат по кој во безредие чекореа илјадници луѓе. Ноќта беше спуштена кога пристигнаа. Јосиф побара гостилница за да преспијат, но веќе сите во градот беа преполни. На Марија ѝ се ближеше времето за пороѓај. Тоа го забележа и жената на еден гостилничар, па одлучија да им дозволат да преспијат во плевната под нивниот ан. Јосиф и Марија ги придружуваа и нејзините родители Ана и Јоаким. Плевната беше топла и чиста, со сладок и остар мирис на јачмен, овес и сено. Симнувајќи се по скалилата го слушаа рикањето на волот и магарето. Само неколку мигови подоцна Ана ѝ помогна на Марија да се породи. Исус се роди.

Цела ноќ Јосиф не можеше да го фати сон од возбуда. Очекуваше некаков знак, го очекуваше анѓелот. По малку време слушна слаба врева и чукање на задниот влез од плевната. Тоа беа пастири од планините околку Витлеем, кои како и секоја вечер и оваа ги чувале стадата со овци, кога одеднаш на небото се појавила блескава светлина - ѕвезда во облик на ангел. Потоа чуле глас кој им кажал дека се родил спасителот, кој ќе го најдат во овој град, повиен во јасли. Целото небо се отворило и во него виделе ангели. Јосиф се успокои. Знакот кој го чекаше пристигна. Со пастирите се упати кон јаслите Христови. Погледнаа во синот на Марија и клекнаа на коленици покрај него. Тоа беше дете што дојде на свет да даде сè од себе, а да не земе ништо за себе.

На композицијата е насликана Витлеемската пештера како претстава за плевната во која е роден Христос. Претставен е во јасли Христови. Присутни се вол и магаре. Насликана е и Богородица. Ако се работи за порасчленета композиција има претстава на Анѓелов хор во горниот, и пастири во долниот дел. Витлеемската ѕвезда е претставена во горниот дел од композицијата. Христос е повторно претставен како го бањаат жени, калуѓерки. На сликата се присутни маги (мудреци) и наби (пророци), кои означуваат младост, зрелост и старост. Тие со себе носат темјан, уље и злато. Претставен е и Јосиф, за кој евангелистот Марко вели дек тој ѝ е животен придружник на Богородица, а не сопруг.

Сиљановска Љубица

Гоцевата промена во последната година од животот, проследена преку неговите зборови

По добивањето на Окружното од 6 јануари (24 декември 1902 год., ст.стил) 1903 година - Бадник и по одржаниот состанок во Софија, во почетокот на јануари (ст. стил) 1903 година на кој е разгледано добиеното писмо од страна на истакнатите членови на Македонската револуционерна организација кои во тој момент се наоѓале во бугарската престолнина (Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Пере Тошев, Христо Матов, д-р Христо Татарчев, Димитар Стефанов, Сава Михајлов, Михаил Ѓерџиков, Иван Хаџи Николов и други), кај Гоце Делчев настанува промена во сваќањето за понатамошното работење на сите елементи во Организацијата. Започнува да размислува за акции со кои ќе се разнишува Турската империја. Истовремено со тоа ќе се кали борбениот дух на четите и населението на Македонија за ослободување од петвековното ропство и создавање на своја самостојна држава.

Иако настануваат промени, сепак продолжува со својот збор да ги топи „камењата" на сомневањата, да ги разбудува заспаните борбени и издржливи мисли, пред сè на македонскиот селанец. Сите настојувања на Г. Делчев ќе ги согледаме во понатамошниот текст.

Кон крајот на јануари 1903 година со четата навлегува во Македонија, започнува последната мисија која трагично ќе заврши кај селото Баница (денес го носи името Карие, со цел да се уништи сиот македонски елемент во ова село, а истото се случува и со преостанатиот дел од Македонија под Грција) Серско.

Во првото населено место во кое се задржале неколку дена се одржале неколку состаноци. Секој Гоцев збор извираше од длабочината на неговата душа. На овие собири се дискутираше за дејноста на МРО, посебно за Разлошката која беше од големо значење за ширењето и развивањето на револуционерното движење. Се наметнало и прашањето за кревање на востание.

Во текот на многучасовните дискусии се разменувале безбројни мислења. Меѓу нив имало некои што се спротивставиле на линијата што била воспоставена на собирите. За едно од нив, од своите сеќавања не известил Коце Мутафчиев, Гоцев соборец. Во сеќавањата му останале зборовите на еден бански богаташ: „Кај можеме ние, еден грст народ, да се исправиме и да се бориме про-

тив огромната Турска империја.“ Гоце ни малку не го променил своето движење, без да се замисли полека и уверено одговорил на сомневањето: „Ние нема засега уште да се исправиме гради со гради пред големиот и многуброен непријател, како пред некој воз. Но ние сме толку силни, иако сме помалубројни, да му разврти́ме повеќе бурми, та тој да се истури и падне.“

Од овде се гледа Гоцевата намисла која го пратела уште од Софија, преку вооружени акции, минирање на пруги, тунели, возови и друго, да се удри по непријателот по најосетливите места. Такви диверзанстски акции требало да се превземат што побрзо, со негово лично учество. „Низ такви акции ќе го дигаме борбениот дух во народот во можноста да води победоносна борба против многубројниот непријател.“ Борбата ќе се водела за целосно ослободување на Македонија, за слобода на македонскиот народ. „Слободата ни треба нам. Така како што ја владееме ноќта треба да го владееме и денот. И тоа ќе го постигнеме или ќе изумреме!“

Гоце не отстапувал од својот начин на водење борба против непријателот иако голем дел од функционерите биле за востание. Добил писмо од Софија во кое се велело дека нивните софиски другари биле





Крушевската чета на Питу Гули која зела учество во Илинденското востание

изненадени од одлуката на Солунскиот конгрес, но не можеле да не го прифатат, бидејќи биле пред свршен чин. Гоце бил свесен за ситуацијата во која се наоѓало македонското револуционерно движење во очи на предвременото востание. Затоа секоја противакција во Македонија ќе довела до големи последици и жртви. За него останало секој да го реши прашањето за себеси. „Колку се однесува до мене, јас нема да се противставувам, но нема да исполнам и никакво конгресно решение. Кај што ќе останам да се борам-ќе се борам како востаник, како што знам: без непосредно учество на населението.“

После неколку дена се упатиле кон Ангиста (река, во близина на истоименото село да го кренат во воздух железничкиот мост). Така на патот од Калопот кон Стрижево денот го поминале во селото Горница каде ги посетил еден Грк трговец, сакал да види со свои очи „бугарска комитска чета“. Но бил изненаден од престојот меѓу комитите. Во разговорот со гркот Гоце не ги штедел зборовите за поубедливо да му одговори на поставените прашања. По едно прашање му рекол: „Е добро, да се раздели Македонија, нема да биде добро за народот, затоа еве еден пример: овие Бугари, кои што ќе останат во Србија, нели ќе се подропство; овие грци, кои што ќе останат под Бугарија, нели ќе бидат робови... Подобро ние, македонскиот народ, да си бидеме одделно, без разлика на Грци и Срби, и Бугари, да се гледа подеднакво кон сите.“

Од овде се гледа дека Гоце не бил за помош подарена од државните соседки на Македонија, бидејќи ја знаел состојбата во соседните државно политички тела-желба за целосно или делумно поседување на Македонија. Но не беше за влошување на односите со народите на овие држави. Го мрази ропството во секаков облик, не го посакувал на непријателот, а камоли за Македонскиот народ.

Коце Стојменов



Водата и нејзиното значење

Водата е универзална материја. Речиси не постои област во стопанскиот и општествениот живот во кој водата не игра значајна или незаменлива улога. Водата се користи за пиење и хигиена; како предмет за работа, во многу случаи како воден пат, извор на енергија и др. Потребата за чиста вода е сè поактуелна од ден на ден. Влошувањето на квалитетот на водните ресурси настанува по пат на загадување кое е природно (од катастрофални процеси предизвикани со нарушување на природните сили) и антропогено (од различни човекови активности). За да се обезбеди заштита на водите од загадување треба, пред сè да се почитуваат законските одредби што ја регулираат оваа материја.

1. Значење на водата

Водата е основна компонента за животот на земјата. Во биосферата, односно на местата каде што живеат живи суштества, 70% од просторот се наоѓа под вода. Водата е единствената материја на Земјата која не може да се замени со ниедна друга материја. Во одржувањето на нормалните функции на човечкиот организам улогата на водата е примарна и без неа организмот може да издржи во просек 2-3 недели (има случаеви 40, па и повеќе денови), а без вода не можи човекот да издржи повеќе од 3-5 дена. Водата човекот ја користи за најразлични потреби.

2. Особини на водата

Водата има свои особини кои можат да бидат:

- физички особини,
- хемиски особини,
- биолошки особини,
- радиолошки особини.

А) Физички особини на водата

Најзначајни физички особини на водата кои влијаат на нејзиниот квалитет се:

а) температура на водата,
б) боја на водата,
в) мирисот на водата,
г) вкусот на водата.

Б) Хемиски особини на водата

Хемиските особини на водата зависат од видот и количината на растворените органски и неоргански материи како и од колоидните суспензии и гасови кои се наоѓаат во водата. Во природата нема апсолутно чиста вода. Вода која што има во себе 0,5 g/l растворени цврсти материи, се зема дека водата е обична слатка вода.

В) Биолошки особини на водата

Микробиолошките особини на водата зависат од видот и бројот на бактериите кои се наоѓаат во неа. Бактериите ги има во секоја вода, а најмногу ги има во површинската вода. Тие се мали организми со големина од 1/500 до 1/1000 mm, кои живеат од распадните органски материи.

Г) Радиолошки особини на водата

Водата во природата содржи релативно мали радиоактивни изотопи. Водата која тече преку и покрај карпи кои содржат радиоактивни материи се обогатува со нив и станува радиоактивна. Степенот на радиоактивност на водата зависи од повеќе фактори и тоа:

- од степенот и видот на радиоактивните елементи во просторот покрај водата;
- од положбата на водата во просторот;
- од видот на водата во природата и сл.

3. Загадување на водата

Промената на квалитетот на природната вода, независно од тоа дали е природен или вештачки карактер, со тоа што станува неупотреблива или опасна за човекот, животните и растенијата, се смета за загадена. Изворите на загадување на водите се многубројни и разновидни.

Постојат неколку класификации на изворите на загадување и тоа:

- комунални: човечки отпа-

доци, отпадоци од храна, детергенти, градежни отпадоци и др.;

- индустриски: хемикалии, метали, гума и пластични материи, отпадоци од нафта и др.;

земјоделски: вештачки ѓубрива, пестициди, инсектициди и др.

Според својствата на отпадните материи загадувањето може да биде: механичко, хемиско, биолошко, термално, радиоактивно.

4. Последици од употреба на загадена вода

Водните екосистеми (реките, езерата, морињата и океаните, но и подземните води) се изложени на помал или поголем степен на загадување. Најзагадени се реките, па езерата и морињата, а најмалку океаните.

Најприсутни загадувачи на водните екосистеми се сулфурните соединенија, тешките метали (жива, олово, алуминиум, фосфати, нитрати и др.). Високите концентрации на штетните материи во водата може да се резултат на:

- испуштање на големи количини отпадни материи, од страна на индустријата како последица на неодговорен однос кон живата средина;

- хаварии и пожари во фабриките, во кои се произведуваат опасни материи.

Последиците од истекувањето на отпадните материи доведува до масовно умирање на живиот свет. Последиците од употреба на загадена вода се огромни и можат да бидат закана за изумирање на живиот свет.

5. Пречистување на отпадните води

Пречистувањето на отпадните води зависи од степенот и видот на загаденоста. Со пречистувањето се подобрува, односно одржува квалитетот на водите. Постојат повеќе методи за пречистување на загадените води, и тоа:



- механички метод;
- хемиски метод;
- биолошки метод.

Покрај методите за пречистување на водата постојат и одредени начини, тие можат да бидат:

- примарни начини;
- секундарни начини;
- хлорирање и обработка.

6. Мерки за заштита на водата

Заради заштита на сите извори на вода, површински и подземни, кои служат за задоволување на потребите на луѓето, потребни се такви мерки за заштита кои ќе го намалат загадувањето на водата.

Светската здравствена организација за такви акции троши од 25 до 30% од своите средства за унапредување на човековата околина. Човекот сеуште не сватил што претставува водата. Таа претставува најголемо богатство без кое човекот не може да живее.

„Тоа што претставува крвта за човечкиот организам

Тоа претставува водата за животната средина“.

Припремиле
Оливер Бакрески
Александер Јосифоски

Од практичната настава на студентите на Институтот за одбрана

Во рамките на предметот Воено-стручна настава, студентите од IV година на Институтот за одбрана, во текот на октомври месец претстојуваат во касарната „Илинден", на практична настава. Пред неколку дена претставници од Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет, ја посетија касарната и се запазнаа со животот и активностите на студентите таму. Студентите од одбрана дадоа општа позитивна оцена за новонастанатите услови со кои се сретнаа. Запознавањето со правилата на

војничкиот живот за нив претставува големо задоволство. Раководени од предметниот наставник Ванчо Кенков и двата млади поручници од АРМ тие за кратко време формираа вистински воен колектив и сè поуспешно ги совладуваат сите елементи на војничката обука.

Во касарната за секоја активност има пропишани правила. Од станувањето, фискултурата, појадокот, претпладневната и попладневната обука и т.н., па сè до вечерата и поаѓањето на спење. Студен-









тите мошне успешно ги совладуваат правилата на строева обука, научија да ги расклопуваат и склопуваат сите видови на пешадиско вооружување, се запознаа со некои видови на лесно артилериско вооружување, со противтенковските мини и др. видови на вооружување со кои располага АРМ. Тие се запознаа со формациското состав и структурата на единиците во касарната. Во текот на престојот во касарната ним им претстои и едно гаѓање со пешадиско вооружување. Студентите се мошне задоволни од исхраната, сместувањето, а пред сè од мошне коректниот и гостопримлив однос на претпоставените старешини и другиот старешински кадар во оваа воена установа.

Единствена забелешка повеќето студенти ставија на сеуште нерегулираното прашање во врска со служењето на воениот рок од страна на студентите на Институтот за одбрана.

На крајот студентите им изразија благодарност на Армијата на Република Македонија и Министерството за одбрана за овозможениот престој во касарната „Илинден“, а истовремено и надеж дека нивната соработка со Институтот за одбрана и понатаму ќе продолжи и усовршува.

Подготвиле:
Александер Јосифоски
Оливер Бакрески
Тони Милески

Уметнички споменици - Прилеп со околината

Културното запознавање со нашите многубројни уметнички споменици од минатото, овојпат ќе го продолжиме јужно од Скопје, во градот Прилеп. Овој град, кај оние луѓе кои не се родум од Прилеп, најчесто буди асоцијации првенствено на Македонското „жолто злато"-тутунот, надалеку познат по својот квалитет а посебно прилепскиот тутун. за популарноста најдобро зборува и фактот што јунакот на Флеминговите романи - Џемс Бонд - пуши цигари кои се мешавина од хавански, турски и македонски тутун. Прилеп асоцира и на она од учебниците за основно образование „првата пушка пукна во Прилеп и Куманово" а сите знаеме на што се мисли, како и на книжевниот деец Марко Цепенков. За крај од овие асоцијации ќе го набројам и плетварскиот мермер кој уште од античко време бил користен за архитектонските градби, скулптури, надгробни споменици и т.н. во околните археолошки локалитети и пошироко.



Но, она што е помалку познато, а од уметнички аспект значајно, тоа се неговите цркви и манастири, локалитети, сведоци на минатото, преку кои осознаваме за одредени и нови етапи од нашиот фреско живопис, кој од своја страна пак слободно без никаква скромност можеме да го ставаме во редот на најврвните светски достигнувања на христијанската уметност. На црквите. Македонскиот фреско живопис, надалеку познат кај стручњаците од целиот свет кои ја проучуваат оваа уметност, кај нас во јавноста која не е доволно информирана, за жал се наоѓа неколку вредносни скалила подолу отколку што заслужува.

- Црквата св. Никола подигната е во XII век како едноставна-еднокорабна градба со апсида. Фреските се сликани во две фази. Постарата е од околу 1200 г. и на нејзе припаѓаат Богородица во апсидата и Поклонение на жртвата. По стилот припаѓаат на комненската уметност од XII век. Тоа е време на успон на византиска уметност во времето на Комнените кога се создава нов стил во сликарството и зацврснува симболичкиот распоред и иконографската содржина на фреските. Инаку ремек дела на комненскиот стил во Македонија и воопшто се св. Пантелејмон во Нерези 1164 и св. Ѓорѓија во Курбиново. Само уште еднаш вака висок квалитет уметноста во Македонија ќе достигне во



крајот на XIII век (1295) во фреските на црквата Богородица Перивлепта во Охрид. Помладата фаза на фрески од св. Никола во Прилеп се од 1298 г. кога е пресликана целата црква. Во грчкиот натпис над јужниот прозор се зборува дека фреските се изведени во време на царот Андроник и царицата Ирина. Сликаната архитектура, зголемениот број на фигури во композициите и стилот упатуваат на преодниот стил помеѓу уметноста на XIII и XIV век. Црквата покасно е запуштена и фреските прекречени. Конзервација и реставрација се направени по II светска војна.

- Црквата св. Димитрија изградена е во II половина на XIII век и прв пат е насликана со фрески околу 1290 г. Покасно во повеќе наврати е преправана, а во XIV век, додадени се јужниот брод и нартексот. Има три кораба со голема купола која однапред е дванаесеттострана и оживеана со слепи ниши. Старите фрески се пресликани околу 1380 г. и ова го извел митрополитот Јован од Зрзе со својата работилница. Тој се држел до стариот распоред, но во обработката на ликовите достигнал снажна експресивност. Фреските во турскиот период биле премолерисани. Очистени се и конзервирани 1970 год.

- Црква св. Араханѓели. Црквата и манастирот изградени се на работ под Марковиот град, во време на кралот Волкашин и неговиот син Марко. Еднокорабна градба со кубе. На источната страна е полукружна апсида а на западната нартекс со предворје. На фасадата, од едната и од другата страна на влезот, насликани се фрески кои ги прикажуваат портретите на кралот Волкашин и кралот Марко. Тие настанале околу 1372 после Волкашиновото погибие на Марица и за време на стапувањето на кралот Марко на престолот.

- Марков град - Прилеп. Во X век бил византиски град, а едно време го држеле Бугарите. Од Византијците го превзел 1322 г. кралот Милутин, а потоа во него свој двор имале царот Душан и кралот Волкашин. Од 1371 до 1395 бил во рацете на кралот Марко по кој го и добил името. После неговата смрт го завзеле Турците. Ѕидан од огромни камени блокови, градот е составен од три целини: на највисокото брдо е тврдината, а под неа две подградија опашани со дебели ѕидови со кули од кои осум се сочувани. Во подградието кое денес се нарекува Варош, пронајдена е стара словенска населба.

- Од околината на Прилеп во Мариовската област јужно од Прилеп во с. Манастир е црквата св. Никола. На местото на помала црква од XI век (1095) изградена е во 1266 нова и поголема за време владеењето на Михаил VIII Палеолог. Ктитор бил игуменот Акакије. Има основа на тробродна базилика со три апсиди на источната страна. Грчкиот натпис, историски и палеографски многу значаен, оди во должината на главниот кораб и зборува дека црквата „е исликана со фрески 1271 г. под раководство на ѓаконот Јован кој повикал вешти и одлични мајстори." Во олтарот се прикажани Поклонение на жртвата, причестување на апостолите и Богородица на која ѝ се клањаат два арханѓела. Меѓу другите циклуси и сцени надвор од олтарот а во јужниот кораб е циклусот посветен на св. Никола. Во обработката на фигурите овие фрески се држат до старите примери и традиционални сликарски решенија од XI и XII век.

- На ридот над Прилеп на Трескавец се наоѓа манастирот со црквата Успение Богородичино. Историјата на манастирот не е доволно позната. Било културно место уште во античко време а најмногу поради посебните и малку чудни метереолошки феномени на местото. Во сегашната градба се препознаваат пет хронолошки различни фази на градење. Најстарата е веројатно од XII или XIII век. Први ктитори биле византиските цареви, за што зборува натписот на ѕидот на внатрешната врата. Покасни ктитори биле српските кралеви Милутин и Душан. Црквата е изградена во облик на еднобродна градба (20 м. должина) со купола, која на западната страна има еден травеј со слепо кубе и нартекс со две бочни кубиња. На западната и јужната страна на црквата се наоѓа трем. Најстариот слој на фрески е дело на грчки сликари, сочуван во нартексот и насликан околу 1340 г. Околу 1360 г. сликани се фреските во деловите на тремот, а во крајот на XV век во главниот кораб на црквата. Црквата претрпела значителни преправки во 1570 и 1871 г.

- Северозападно од Прилеп во подножјето на планината Даутица во с. Зрзе од средината на XIV век во времето на цар Душан потекнува црквата Преображение. Ктитор бил монахот Герман. Од сите овие наброени мене лично оваа местоположба ми е најпривлечна. Местото плени со некоја мистичност а и кај околното население уште од прастаро време кружат разни митови и преданија поврзани со разни привиденија, неземска осветленост на местото и т.н. До еднобродната црква на западната страна е додаден еден травеј исликан со фрески 1368/69. Во травејот се прикажани Причествување на апостолите, гостољубието Аврамово и сцени од Христовото страдање. Карактеристични се по рустичноста и експресивниот израз. Се претпоставува

дека ги работел некој мајстор Димитрије. Во овој манастир живееле и двата внука на монахот Герман: сликарите митрополитот Јован и Макарије. Тие пред навалата на Турците го предале манастирот на својот кмет Константин и неговата фамилија кои го обновиле, а Јован ги сликал фреските во св. Андреа на Матка, а Макарије избегал во Србија и, веројатно, работел на фреските во Љубостиње. По враќањето во Зрзе ја насликал 1421/22 иконата Богородица Палегонитиса за иконостасот на кој веќе била иконата на Христос која во 1393/94 ја изработил брат му Јован. Денес овие две икони се во Уметничката галерија во Скопје.

Покрај овие горе наведените, вреди да се споменат и некои други уметнички споменици но тие се од поново време и за нив во некоја друга прилика. За крај останува ветувањето дека прошетката ќе ја продолжиме во наредниот број а тоа ќе биде градот Охрид.

Валентина Петрушевска

Улогата на солзите во секојдневниот живот

Дали солзите се слабост? Треба ли да се плаче? Дали плачењето е здраво?

Сите живи суштества имаат во окото солзни жлезди, од нив течноста автоматски се слева преку рожницата и го пере окото, трепереньето на очните капаци има функција слична како брисачите на шоферското стакло, затоа што благо го испираат окото од ситни зрна на прашина, кои влегуваат во окото. Без солзите очите не би биле така блескави туку би останале две безживотни, суви, рапави топки. Во далечната 1864 г. први ги проучувале солзите Туркти и Воклен.

Кога ќе осети глад и болка, жед, малото дете плаче, да би ѝ соопштило на средината за својата состојба, но истовремено го брани својот немоќен организам. Покасно кога ќе порасне, солзите му носат извесно олеснување, смирување на вознемирените нерви, го доведува до опуштање телото, и го ослободува од внатрешен притисок. Плачењето е во некоја смисла вентил на сигурност, кој помага во состојба на напнатост.

Но често се вели дека жените повеќе плачат, додека мажите помалку, постои една мисла која вели дека „мажите се со челични мускули, но со стаклена душа и порцеланско срце", често тие ги скриваат солзите, затоа што така се научени во текот на социјализацијата. Немој да плачеш, треба да бидеш силен како тато, или некој јунак од филмовите, или дека е срамота мажите да плачат, или стереотипноста во мнението дека плачот е својствен само за припадничките од понежниот пол, затоа што тие се почувствуителни. Затоа мажите голтајќи ги своите солзи, често заболуваат од чир на желудникот, дванаесет палачното црево, заболуваат од бронхијална астма и патат од срцеви болести.

Потреби за плачење постојат повеќе, само мотивите се различни. Пример: Се плаче од радост на свадба, на спортски натпревар кога се гледа некоја драматична сцена, во кино, кога се чита некој роман и сл.

Италијанскиот психолог Сервадо во студијата за причините за плачот пишува дека се плаче и кога опасноста е веќе помината. Тоа е таканаречен - ретроактивен плач. Пр.: кога мајката во последен момент ќе го спаси да не падне своето дете од прозорот. Таа почнува да плаче откако станала свесна дека опасноста поминала. Овој плач е израз на закаснетиот страв, кој не можел да се исполи порано, тој е, во суштина, првиот чекор кон воспоставување на рамнотежа во нервниот систем. Во конфликтни ситуации, солзите течат како резултат на емоционалните потреси. Повредената суета и пропаднатите надежи имаат силни солзи. Тој плач го привлекува вниманието на околината, наведува на нежност према расплаканата особа и таа често тоа го користи како механизам за одбрана. Пр.: Девојче мало кога ќе се повреди, ќе заплаче и мајката го теши. Кога ќе порасне таа ќе се сеќава на тоа мајчино сочувство, тогаш нејзините солзи ќе станат повик за помош во очекување да се со помош на нежност на друг постигне саканата цел. А поради тоа што женскиот свет „лесно" заплакува се стекнало погрешно мислење дека жените се повеќе емоционални од мажите, иако тоа само значи дека жените се природни, лесно се празнат на надворешните манифестации и имаат навика преку бујна фантазија, да се идентификуваат со несреќните особи во чии невољи длабоко се соживуваат и со кои силно сочувствуваат. На сите примедби дека жените се „плачливи", одговорот е: подобро да се плаче отколку да се стане невротичен.

Личностите од библиската историја и хероите од античките епови не ги криеле своите солзи. Што значи дека солзите не се никаква срамота, затоа што го чистат „окото и душата", така вели источната мудрост.

Американиот психолог Дж. А. Мерли смета дека еден настан на плач вреди колку триесет пилули за смирување, затоа што појавата на солзите значи попуштање на нервната напнатост и слабеење на душевната болка.

Вучев П. Зоран

16- та ГЕНЕРАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ИПРА
(КРЕИРАЊЕ НА НЕНАСИЛНА ИДНИНА)



Шеснаесетата генерална конференција на ИПРА (IPRA- International Peace Research Association), се одржа од 8 до 12 Јули 1996 година, во рамки на Универзитетот на Квинсленд, Бризбен, Австралија (University of Queensland, Brisbane, Australia).

ИПРА претставува интернационална организација, која во себе содржи повеќе од 70 земји членки и која има функција да ја истражува и да ја разбере состојбата на мир во најширока смисла на зборот, како и да превзема акции кои се со цел да се унапреди и да се прошири културата на мирот. Конференцијата која се одржа во 1996 година, го носеше насловот *Креирање на ненасилна иднина,* што воедно и укажува на една од суштинските цели на оваа интернационална асоцијација. Така, Кевин Клементс (Kevin Klements), претседателот на ИПРА во своето излагање за визиите и целите на ИПРА, меѓу другото рече дека иднината на асоцијацијата и на светот лежи на имагинацијата на иднината на секоја индивидуа посебно. Асоциацијата ИПРА помогнува при остварувањето на овие визии. Прва и најважна функција на ИПРА е да ја катализира светската еволуција во позитивна насока. Постои нужност

да се собере мудроста на сите. Во спротивно, нашата перцепција за светот би била страшно ограничена. Треба да се создаде база за размена на искуства и мислења. Човечкиот опстанок се базира на длабоко слушање.

За да се овозможи постигнувањето на овие цели, потребно е да се сфати динамиката на светските случувања, да се сфати зошто милиони невини луѓе се жртви на насилство, да се разоткрива принципот според кој светот од насилната реалност ќе може да се придвижи кон ненасилна иднина. Токму заради тоа, работата за време на конференцијата, беше поделена на две големи целини. Едната целина содржеше пленарни сесии, во кои свои излагања имаа 32 претставници на различни институции, кои беа пропратени со активно учество на сите партиципиенти. Излагањата се однесуваа на различни прашања и аспекти од општественото живеење, како на пример: *Креација на ненасилна иднина, Староседелците во глобалното движење за мир, Визии и цели на ИПРА, Градење на мирот во Азиско-Пацифичкиот регион, Претставници на Глобални Организации, Половите разлики и мирот, Унеско и градењето на мирот, како и Младината: Иднината на мирот.*

Втората целина од работата на конференцијата содржеше презентација на истражувања и работилници во различни комисии, чии преокупации се различни прашања од општественото живеење. Имено, постојат вкупно 18 комисии кои врз основа на прашањата со кои се занимаваат се насловени како: *Комуникации, Решавање на Конфликти и Градење на Мирот, Источна Европа, Еколошка Безбедност, Глобална Политичка Економија, Внатрешни Конфликти, Интернационални Човечки Права, Ненасилство, Едукација за Мирот, Мирот и Историјата, Мировни Движења,*

PREPARE FOR WAR! OR *Prepare for Peace!*

Теории за Мирот, Мирот низ Литературата, Бегалци, Религијата и Мирот, Безбедност и Разоружување, Жените и Мирот и Младината и Мирот.

Во рамки на комисијата за Едукација за Мирот, беа презентирани околу 40 различни научни истражувања. Тоа подразбира голема размена на искуства и сознанија од

области кои се однесуваат на воведувањето на студиите за мир во образовнието, т.е. ширењето на културата на мирот преку образованието, влиянието на образованието и медиумите врз изградбата на вредносните системи кај децата и кај младите луѓе, вклучувањето на родителите како примарни воспитувачи во борбата за мир, сознанија стекнати при создавањето на курикулуми за студии за мир, како и размена на многу други искуства и прашања. Во рамките на комисијата за Мирот во Едукацијата, беше презентирано и истражувањето за *Визијата на Студентите за Мирот,* кое го спроведоа професор Др.Олга Мурцева-Шкарик и Игор Башчанциев. Покрај тоа истражување, во рамките на комисијата за Источна Европа, беше презентиран и трудот УНПРЕДЕП и мирот во Македонија, од страна на професорите Др.Олга Мурцева-Шкарик и Др.Светомир Шкарик.

Башчанциев М. Игор

THIN WHITE ROPE

Неверојатни се групите кои со својата упорност се приближуваат до слушателите. Како поинаку да се објасни фактот дека бендот, кој ни подари еден куп добри песни, во периодот од 1985 па се до конечниот распад (негде 1992), претрпи бројни измени на членовите и издавачките куќи (од Frontier до Sub Pop), а целото тоа време остана доследен на себеси и на музиката што ја создава. Со небески глас и пустински гитари стојат како нешто непознато и небитно пред сите оние кои не беа избрани да ги знаат.

THIN WHITE ROPE (Davis, California), бенд чии корени потекнуваат уште од 1982 година, кога нивниот фронтмен Guy Kyser ја збира околу себе првобитната постава на бендот: Guy Kyser (вокал, гитара), Roger Kunkel (гитара), Stephen Tesluk (бас), Frank French (тапани). Guy Kyser, кој е една од најконтраверзните личности, а воедно еден од најголемите текстописци на американскиот R'n'R од крајот на осумдесеттите и раните деведесетти години. Неговата создавачка работа е длабоко испреплетена со депресивна, мрачна, осамена состојба што во најголема мера е плод на делото на животот, кој до својата 17 година го поминува живеејќи во пустината Mohave, кадешто неговиот татко работел како техничар во американска војна база. „Тешко ми е да зборувам за тоа. Чудно е како може нешто да биде така прекрасно а во исто време така застрашувачко и непријателско... Луѓето никогаш не се враќаат исти од пустина" вели Guy.

До 1985 година THIN WHITE ROPE функционираат како демо бенд. Таа иста година потпишуваат за „Frontier Rec.". Guy, незадоволен од Frank French, на неговото место го донесува Joseph Becker.

После макотрпна работа, барање на одговарачки студија, недоразбирања со продуцентите („Можете ли да му кажите на Guy дека гитарите се пребучни"), бендот конечно го снима својот деби албум „Exploring the Axis" под продуцентската палка на Jeff Eyrich (кој своевремено работеше со Gun Club). На албумот е присутен полн и компактен звук со „тешки" гитари, што сето заедно Guy го претопува во целина со својот продорен и трептав глас, кој во натамошната работа ќе стане едно од најјаките THIN WHITE ROPE оружја. На албумот доминира песната „Down in the desert" која ја потврдува Kyser-овата фасцинација од пустината. После објавувањето на плочата бендот заминува на американска турнеја заедно со Naked Pray и Pontiac Brothers. Од почетните 30-тина луѓе, колку што тогаш се појавуваа на нивните концерти, бројката постепено нараснува на 300-400 посетители. Така кариерата на THIN WHITE ROPE полека но сигурно започна да се движи кон врвот. Во летото 1986, бендот влегува во студио и наоѓа нов продуцент Paul McKenn. За само 15-тина дена го снимаат нивното (според критиката) најдобро остварување, албумот „Moonhead" кој светлото на денот го виде во 1987 година. Додека „Exploring the Axis" им е албум кој фасцинира со својата едноставност и свежина, „Moonhead" е само вонсериско остварување, кое плени со својот вонвременски звук. Нивните вурлачкиг гитари, многу добрата ритам секција и нормално Guy-евиот глас дефинитивно потврдуваат дека THIN WHITE ROPE со „Moonhead" станаа бенд од светски рамки и дека застанаа раме до раме со нив сличните таканаречени пустински R'n'R бендови како Giant Sand и Meat Puppets.

Следната плоча, односно мини ЛП „Bottom Feeders" излегува истата година кога и „Moonhead". Овој ЕП, продуцентот P. McKenn го снима во живо во студио во пролетта 1986. По кратко време после издавањето на „Bottom Feeders", бендот заминува на својата прва турнеја по Европа. THIN WHITE ROPE во тоа време ги напушта басистот Stephen Tesluk, а на негово место, од Денвер на бендот му се приклучува John Von Feldt.

Во 1988 година бендот го снима својот трет голем албум „In the Spanish Cave". Албумот повторно го продуцира Paul McKena. „In the Spanish Cave" донесува помалку нејасен звук и неразбирливи текстови, а плочата во целина создава некоја мачнина и мрачна атмосфера. Иако работата околу снимањето на албумот не течеше баш најдобро, на него се наоѓаат неколку најдобри Guy-еви песни. Кулминацијата на албумот достигнува усвитување со песната „Red Sun", малку подолгиот гитарски вовед со ориентален призвук дефинитивно експлодира со Kyser-овиот вокален влез. Занимливо е и тоа дека за време на снимањето на материјалот за плочата, на оддалеченост од неколку стотини метри, во друго студио, групата Pontiac Brothers го снимаше својот материјал. Двата бенда изгубија доста на работата заради неверојатните пијанки, коишто се одвиваа тие денови.

Бендот повторно нема среќа со ритам секциите. Си заминува тапанарот Joseph Backer. Пред крајот

на годината се појавува мини ЛП „Red Sun“, кој беше составен од обработки и песната „Red Sun“, но овојпат во две верзии (од албумот и оригиналната верзија која е исвирена само со акустични гитари, удиралки и вокал). За тоа време на местото на тапанар се наоѓа Frank French којшто свиреше со нив на првите демо снимки но не се одлучува за стална соработка, така да во бендот конечно доаѓа сталниот тапанар Matt Abourezk. THIN WHITE ROPE после тоа заминуваат на европска турнеја, завршувајќи ја истата во Русија. Беа првиот американски indie бенд кој таму засвири.

Албумот „Sack Full Of Silver“ издаден е во почетокот на 1990 година иако беше најавен за летото 1989. Паузата ја предизвика долгата европска турнеја. Албумот беше дел од лошиот договор со „RCA Rec.“. Сите песни настанаа за време на турнејата.

„Кога ќе почнам да пишувам текст обично имам јасна идеја, но во текот на песната таа се губи“ вели Guy кој на албумот се служи со бројни метафори за да би ја опишал изгубената смисла на човечката трагедија. „Хранејќи се со хамбургери во автомобилот на своите пријатели, секоја хартиена марамка има своја среќна ѕвезда, длабоко во ѓубрето почнуваат да пеат...“-„Napkin Song“. За време на снимањето на „Sack Full Of Silver“, сите песни не ги собира на албумот, па во исто време THIN WHITE ROPE ја снимаат синглицата „Ants are Cavement“. Страната Б, беше live верзија на „Little Doll“ од Stooges. На „Sack Full Of Silver“ се наоѓа и преработка на „Yoo Doo Right“ од Can.

Есента 1990 година бендот снима за tribute албум „Where the Pyramid Meets the Eye“ посветен на Rocky Erickson. THIN WHITE ROPE ја снимаат песната „Burn the Flames“ во која Guy-евиот вокал е откачен како што му беше на Rocky Erickson. „Squater's Rights“ е мини албум кој бендот го снима во 1991 година. Плочата се



состои од обработки на The Byrds, Jimi Hendrix, Duke Elington, Bo Diddley и песни кои Guy Kyser ги напиша за филмот на Line Wertmuller. На албумот има нов продуцент Bill Noland и повторно нов басист Stooert Odom. После снимањето со Bill Noland за Rocky Erickson-овиот ЛП и „Squater's Rights“, THIN WHITE ROPE одлучија да снимат уште еден ЛП со име „The Ruby Sea“. Овој албум, сниман е со многу несогласици во бендот и полека настануваат пукнатини во односите меѓу луѓето во групата. Guy најавува дека заминува од бендот во момент кога конечно почнаа да пристигнуваат признанија за нивната работа. THIN WHITE ROPE се расформираа без некои големи киксови на последните снимања и концерти.

Секогаш беа за чекор пред времето... Беа одличен бенд, беа THIN WHITE ROPE!

Дискографија:

"Exploring the Axis" LP (Frontier 1985)
"Moonhead" LP (Frontier 1987)
"Bottom Feeders" EP (Zippo 1987)
"In the Spanish Cave" LP (Frontier 1988)
"Red Sun" EP (Demon 1988)
"Sack Full Of Silver" LP (Frontier/RCA 1990)
"Squater's Rights" EP (Frontier 1991)
"Ants are Cavemen" 7" (Sub Pop 1991)
"The Ruby Sea" LP (Frontier 1991)
"The One That Got Away" 2LP live! (Frontier 1993)
"When Worlds Collide" the best of LP (Munster 1994)

Ценовник на рекламниот простор во списанието „Внатрешен Патник“

- *Надворешна колор корица ..... 250 ДЕМ.*
- *Внатрешна колор корица ..... 200 ДЕМ.*
- *Црнобела страна 1/1 ..... 100 ДЕМ.*
- *Црнобела страна 1/2 ..... 50 ДЕМ.*
- *Црнобела страна 1/4 ..... 25 ДЕМ.*

Тринаесетка фобија

(Трискаидекафобија)

Можно е да не сте чуле за трискаидекафобија, но ако и еднаш во животот сте почувствувале нелагодност поради бројот 13, тогаш и вас, ве „допрела“ оваа чудна бројка. Самото име трискаидекафобија изведено е од два сосема обични грчки збора: трискаидека што значи 13 и фобија - страв. Голем број луѓе и денес веруваат дека не се работи за чисто суеверие, туку дека бројот 13 навистина поседува некоја натприродна моќ.

Ова верување постаро е и од библиското предание за Тајната вечера на која Исус Христос се нашол крај трпезата заедно со 12-те свои апостоли. Стравот од можноста крај трпезата да се најдат 13 лица се сретнува и денес. Во Франција постои „каторзјем“ професионален гостин кој се најмува за да го заокружи бројот на присутните крај масата.

Кон крајот на минатиот век во Њујорк и во Лондон се формирани клубови со име „Тринаесетка“. Вкупниот број на членови, потоа бројот на гостите крај иста маса, броевите на членските карти и датумите при собирање секогаш изнесувале 13 или пак некој производ од овој број.

Трискаидекафобичарите веруваат дека бројот 13 влијае на многу нешта. Многу архитекти на Запад на најразлични начини го заобиколуваат бројот 13 при обележувањето на собите и спратовите во хотелите и зградите. За разлика од нив НАСА не се двоумела вселенскиот брод „Аполо 13“ да го лансира во 13,13 часот по централно време од лансирната рампа 39 (тројна вредност од 13). За извршување на мисијата биле одредени астронаутите Џемс, Фред и Џон чии имиња во оригинал содржат вкупно 13 букви. „Ѓаволските сили“ велат не можеле да издржат толкав предизвик: на 13 април експлодирал резервоарот за кислород на бродот, па екипажот морал да се откаже од спушатање на Месечината. Но покрај сите „ѓаволски интервенции“ астронаутите живи и здрави се вратиле на Земјата.

Моќта на бројот 13 мачела и некои од инаку рационалните генијалци. Најдобар пример е германскиот композитор Рихард Вагнер чии опери се инспирирани од митовите и легендите. Славниот композитор чие име содржи 13 букви роден е во 1813 год., а умрел на 13 февруари 1883 год.

Кога имал 13 години и посетувал училиште во Дрезден, неговата мајка и сестра се преселиле во Прага, оставајќи го сам. Во 26-тата година (13 помножено со два), пак го снашла лоша среќа. Западнал во толку големи долгови што пред поверителите морал да бега во Париз. Од главните оперски дела на Вагнер само 13 се сочувани во целосен облик. Последните редови на „Парсифал“ Вагнер ги запишал на 13 јануари 1882, а 13 септември истата година бил последниот ден што го минал во Бајројт каде неговите опери редовно се изведувале на летниот фестивал.

Злокобната моќ на 13-ката најчесто се поврзува со една личност која има 12 придружници. Ѓаволските дружби по традиција ги прават 12 вештерки и ѓаволот. Кралот Артур имал 12 витези, библискиот Јаков 12 синови. Одисеј со 12 другари стигнал на островот на Киклопот, а волшебникот Мерлин, исчезнал од земјата носејќи со себе 13 ризници со магиски знаења.

За привржаниците на верувањето во судбинската моќ на бројот 13 како важен аргумент им служи наводниот факт дека 13-от ден од месецот најчесто паѓа во петок. Меѓутоа, во период од 400 години 13-от ден во месецот паднал само еднаш повеќе во петок отколку во сабота што статистички гледано е крајно занемарливо. Ако сакал да ја докаже демонската моќ на бројот 13 ѓаволот својата работа со календарот морал да ја изведе барем малку поубедливо.

Тони Милески

Каква ви е врската со партнерот

1. Имате чувство дека партнерот ви се отуѓил. Како ќе го прифатите тоа?
а) Во очај сте и сакате веднаш да прекинете... 5
б) Тоа ве тормози, но се стремите да ги вратите вашите односи на стариот колосек... 10
в) Ни најмалку не би ве изненадило...0

2. Каков е вашиот однос спрема пријателите на вашиот партнер?
а) Одамна станале ваши заеднички пријатели... 10
б) Тоа се два различни круга со добри заемни односи... 5
в) Не можете да ги поднесувате повеќето од нив... 0

3. Несогласувањата меѓу вас се...
а) ...беззначајни и брзо се надминуваат... 5
б) ...ретки... 10
в)... големи и траат со денови... 0

4. Како се однесува вашиот партнер спрема вашата желба да одите некаде без него?
а) Го прифаќа тоа сосема природно... 10
б) Избувнува и така ме задржува... 0
в) Се лути... 5

5. Како реагирате кога партнерот ви внесува нови елементи во сексот?
а) Сакате веднаш да разберете каде го научил тоа... 5
б) Со задоволство се приспособувате кон нив... 10
в) Го оправдувате несакањето да ги примените со болки во грбот... 0

6. Што ќе направите ако го фатите партнерот дека лаже?
а) Ќе му возвратите со иста мерка... 0
б) Ќе направите скандал... 5
в) Ќе ги анализиарате причините и спокојно ќе ги разгледате со него... 10

7. Вашата врска е...
а) ... важен дел од вашиот живот... 5
б) ... заштита пред осамеоста... 0
в) ... неделив дел од самите вас... 10

8. Сексот со вашиот партнер...
а) ... секогаш ви причинува задоволство... 10
б) ... често не ве задоволува... 0
в) ... е пријатен и за двајцата, но за вас не е сосема совршен... 5

9. Каков е односот на вашите родители кон вашиот партнер?
а) Отворено покажуваат незадоволство... 0
б) Како кон член на семејството... 10
в) Го поднесуваат заради вас... 5

10. Кога отворено го гледате дека флертува...
а) ... одите кај него и се вклучувате во разговорот... 10
б) ... тргнувате налутени... 0
в) ... се реванширате на истиот начин... 5

11. Интересите ви се...
а) ... многу блиски... 10
б) ... сосема различни... 0
в) ... делумно заеднички... 5

12. Има ли меѓу вас согласност за финансиските прашања?
а) Да, во голем степен... 5
б) Секогаш... 10
в) Ретко... 0

Резултати:
0-39 поени: Вие сте толку различни што не треба да очекувате чуда. Не треба да ја прифаќате разделбата како несреќа ни за едниот ни за другиот.

40-84 поени: Има предуслови за добро партнерство, но и двајцата би требало реално да ги согледувате пречките меѓу вас. Нивното надминување е единствено можно преку компромиси и тоа од двете страни.

85-120 поени: Во основата на вашата врска е љубовта и разбирањето. Кога сте заедно, секогаш сте среќни, а тоа никој не може да ви го одземе.



Оваа година е јубилејна за Филозофскиот факултет - 50 години од неговото постоење. Поради тоа Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет ќе организира турнир во мал фудбал. На овој турнир ќе земат учество повеќе екипи од повеќе факултети.

Ги молиме сите заинтересирани да помогнат во формирањето на екипата која ќе го претставува Филозофскиот факултет. За таа цел сите предлози, сугестии, мислења ни се добредојдени. Сметаме на соработка.

Ве поздравува ССФзФ.

Кога Дејмон Хил и Жак Вилнев ја испуштиле можноста во 1989 год. да се квалификуваат за трките во Формула-3, новинар на еден угледен италијански весник напишал: „Камел води погрешна промотивна политика затоа што ги ангажира синовите на славните возачи, иако е очигледно дека се неталентирани."

Наследниците на Грејм Хил и Жил Вилнев, денес се борат за шампионската титула во Формула-1. И Дејмон и Жак оваа сезона имаат шанса да го остварат својот сон.

Хил води во генералниот пласман пред Вилнев со 9 бодови предност на една трка до крајот на шампионатот. Просечните познавачи на приликите во Формула-1 би помислиле дека работата е веќе завршена, затоа што двајцата ги бранат боите на „Ротманс-Вилијамс". Но газдата на тимот Френк Влијамс повеќе е наклонет кон канаѓанецот. Дејмон Хил е прецртан од списокот за наредната година и е принуден да бара нов ангажман. За продолжување на договорот Хил барал 8 милиони долари, што е нормално со оглед на неговиот рејтинг. Меѓутоа, наредната сезона неговиот болид ќе го вози германецот Хајнц Харалд Френцен. Парите секако не биле пресуден фактор, бидејќи Вилијамс има огромна поддршка од спонзорите. Френк едноставно сака „свежа крв". Ако се погледа во минатото слична судбина доживеале и Нелсон Пике, Најџел Менсел и Ален Прост кои, на идентичен начин добиле отказ од Вилијамс. Ниту нивните шампионски титули не влијаеле на плановите на ледениот Френк.

Хил просото не може да верува дека е така „ладно" откачен. Забележал 20 победи и на неговата екипа ѝ помогнал да освои две титули во конкуренција на конструктори.

Британскиот автомобилист во 1996 год. има скор од 7 победи кои му донесоа 9 бодови предност пред Вилнев, и е најсериозен конкурент за освојување на титулата пред последната трка во Сузука, Јапонија. Сето тоа може да падне во вода, доколку механичарите на „Вилијамс" случајно или намерно направат некој кикс во боксот. Познато е колку значи една лоша замена на пневматиците во борбата за титулата.

Доколку во Сузука Хил освои само еден бод, ќе биде промовиран во светски шампион. Но ако се откаже од трката а Вилнев го освои првото место, шампионската титула ќе му припадне на Вилнев.

Во досегашна историја на Формула-1, 18 пати светскиот шампион бил одлучен во последната трка во сезоната.

Јасно е дека главната улога во борбата за титулата помеѓу Хил и Вилнев ја игра Френк Вилијамс.

Тони Милески



Моника Селеш

Своите први почетоци во тенисот ги направила на седум и пол години, кога во Нови Сад за прв пат го удрила тениското топче. Најголема инспирација и претставувал нејзиниот татко Кароњ, кој на пример на топчињата и ги цртал Том и Џери за да се заинтересира што повеќе. Нејзината мајка Естер секогаш била во Сенка.

Моника Селеш е родена на втори декември 1973 год. во Нови Сад. Во средината на минатата деценија се преселила во академијата на Ник Болитјери. По прекинувањето на нивната соработка пред 6 години, се преселува во Сарасота каде и денес живее. Има американско државјанство, игра со левата рака, висока е 1.79 метри а тешка 65 килограми.

Селеш практично немала јуниорска кариера. Забележана од Ник Болитјери уште во пионерска конкуренција отпатувала за Флорида каде што се до професионалното деби била скриена од очите на јавноста.

Во професионалните води влегува на 13 февруари 1989 година иако на врвните натпреварувања учествувала и во претходната сезона, кој ја завршила на 86 место на светската ранг листа. Својата прва титула ја освоила во пролета1989год во Хјустон, каде во финалето е победила прославената Крис Еверт.

На 11 март 1991год за првпат се искачува на првото место на ВТА листата на возраст од 17 години 3 месеци и 9 дена со што го прекинува 186 недели долгото владеење на Штефи Граф.

Во 1993 год за време на еден натпревар на турнирот во Хамбург тенисерката број 1 во светот беше прободена со нож во грбот од дотогаш непознат човек. Германецот Гинтер Пархе беше фатен на местото на злосторот, предаден на суд и осуден на само 2 год. условно лишување од слобода.

Моника Селеш и по паузата после Хамбуршкиот настан официјално го дели првото место на ВТА листата заедно со Штефи Граф иако има повеќе повеќе поени од неа. Во текот на својата кариера менувала повеќе спонзори. Започнала со опремата на "Фила", но по нејзиното стално одлагање да се врати на тениските терени по хамбуршкиот злочин доаѓа до раскинување на договорот при што Италјаните минатата година ја тужеле на судот.

Сега е „најков“ манекен. Првите рекети со кои играла ги носеле ознаките на "Принц". На почетокот на оваа деценија преминува во " Јонекс" со највреден договор во историјата на женскиот тенис (5.000.000. долари). Банковото конто на Селеш пред настапот на Флешинг Медоу изнесувал 8.7 милионо долари.

Моника го сака јавњето, кошарката, Џими Хендрикс, долгите прошетки во природата, пливањето и хуманитарната работа. Учи француски и собира препарирани животни.

Тони Милески

Што е тоа љубов?

Нежноста и верноста што ја чувствуваме кон партнерот е вечна тема на расправа. Колку може да трае? Што ја предизвикува? Постои ли доживотна верност? Зошто некој изневерува? Како да се спаси долготрајната врска? Одговорите на овие прашања никогаш нема да ги задоволат сите, но секогаш можат да помогнат нешто да се научи.

Романтично настроените жени, тврдат дека љубовта е нешто возвишено и многу убаво. Освен тоа, тие сметаат дека постои и вечна љубов. Потребно е само да се има меѓусебно поверение, да не си ја скратуваат еден со друг нежноста и да го зголемуваат чувството на взаемна одговорност. Ако сте сигурни дека сакате заеднички живот со партнерот (партнерката), тогаш мора да постои взаемна волја за хармонија. Ако сепак, дојде до некои конфликти, тие мораат да се разрешат разумно и толерантно. Важен услов љубовта да се одржи е верноста. За хармоничен живот во бракот или љубовната врска, неопходно е да се размисли дали е потребна некоја авантура, вреди ли да се ризикува поради кратко неверство. Во партнерство кое се темели на искрени чувства, секој таков „излет" длабоко ги повредува и неа и него. Ако такво нешто се случи, дотогаш негуваната и постоечка љубов, повеќе никогаш нема да биде, тоа што некогаш била. Се смета дека мажите имаат подруго мислење за моралот од жените. Во секој случај, тие чувствуваат поголем поттик и потреба за „слобода". Во тој поглед менталитетот на мажите, чувствено се разликува од женскиот. Поради тоа, ако вашиот партнер каже: „Мене ми е потребна жена. Ако бидеш отсутна две недели, ќе си најдам друга!", вие во тој случај одговорите му: „Во ред! Доколку тоа е така, јас после две недели нема да се вратам!"На мажите им е проблем да бидат верни. Мажите воглавно имаат чувство дека верноста им е наметната, дека таа им ја ограничува „светата слсобода". Но, на нив им е дадена можност да бираат помеѓу таа една жена што ја сакаат и другите жени. Во љубовта не може да се има и сè да се добие!

Разлика меѓу заљубеноста и љубовта

Зошто некоја љубов трае вечно, а друга само еден ден (односно една ноќ)? Еднодневната љубов е заправо, некој вид на заљубеност. Таа не е заснована на вистинска врска со целата душа на партнерот. Кога ќе се заљубиме, тоа е само механички процес, една несвесна одлука. Често ќе не привлече нешто што на нас самите ни недостасува. „Силниот маж" нема да ги признае своите слабости, па ќе се ожени со мила, детинеста жена. Со тоа себе си се „комплетира". Во бракот тогаш доаѓа до тешкотии, бидејќи таканареченио комплементарен партнер живее во еден сосема поразличен свет. За навистина траен однос треба да се најде партнер со кој сме на заедничка „бранова должина". Во случај на заљубеност, не ги земаме во грижа маните и слабостите на партнерот, туку некритички го воздигнуваме до небото. Тоа дали нашиот партнер навистина нè сака, не го откриваме врз основа на неговите зборови и заколнувања, туку по делата. Би требало да не прифати како единствено, самостојно суштество, кое не настојува да нè измени (што не значи дека секогаш мора да се согласува со нашето однесување!). Важно е кон нас да покажува нежност и грижа, а своите потреби, понекогаш да ги става во втор план.

Кои се вистинските непријатели на љубовта?

1. **Ако на партнерот постојано нешто му приговараме и иритираме и настојуваме да го измениме неговиот карактер.**
2. **Ако го оставаме во неизвесност во поглед на нашите мисли, чувства и цели во животот.**
3. **Што повеќе партнерот ни е неопходен за нашата среќа, сигурност и другите потреби, толку повеќе љубовниот однос е загрозен. Ако нашиот партнер смета дека не го разбираме, ако е незадоволен, лесно би можело да дојде до тоа, во нас да го гледа непријателот. („Ти си виновен што не сум среќна. Те мразам!").**
4. **Не морате да се откажете од своето ЈАС. Кој ќе го направи тоа, ќе се изложи на опасност да го изгуби партнерот. Кој се сака себе си, во состојба е и другиот повеќе да го сака.**

Аранѓеловиќ Светлана

Љубете и тогаш кога таа задава болка

Постојат разни видови на љубов, љубов кон цвеќето, кон животните, природата, кон книгата, но љубовта кон својот ближен е најголема и најмоќна љубов. И Буда и Господ и Хегел ќе речат: Во животот постојат должности, должност е да си среќен, и со сите и морал не можеме да се направиме среќни, ниту самите себе, ниту другите ако не го сакаме својот ближен. Дали некогаш се има запрашано некој: „Што е љубов? Каде е таа? Дали навистина ја има?“ Многу прашања, а одговори нема.

Едноставно ни се наметнува мислата дека денеска нема морал, нема принципи, нема љубов, сè е изгубено па и љубовта кон луѓето...

Можеби денешниот млад човек преокупиран со сите свои обврски и должности, едноставно не му преостанува доволно време да размисли за суштината на љубовта. Можеби и не верува во неа... Можеби материјалното е поценето од духовното.

Дали денешниот човек се плаши да ја прифати љубовта и сè она што неа ја придружува: болката?

Љубовта е игра без правила, доаѓа неочекувајќи ја и исчезнува исто така како што доаѓа... Да љубиме и тогаш кога љубовта задава болки. Таквата болка може да биде поболна и од смртта, но среќен е оној што може да го заборави она што не може да се измени.

Сакајќи, не значи да бидеме среќни, туку да ја избереме својата болка... Но, не треба да ја губиме надежта и вербата во љубовта, таа не е привилегија само на боговите, туку и на луѓето.

И за крај велам: Верувајте во љубовта зашто таа е посебна религија која бара свои жртви и почести, на која треба да ѝ се приклонуваме, даваме, а за возврат добиваме и ние своја награда како нејзини верници.

Е. Цветковска

Сјај и беда на проституцијата

Најстариот занает на светот - проституцијата е единствена професија на која не ѝ се заканува изумирање. Моралните норми, законските санкции, венеричните болести дури и убиствената СИДА ништо важно не менуваат на полигонот на проституцијата. Нема земја во која нема проституција, таа постоела кај сите народи. За жената претставувала наједноставен но и најпримитивен начин на покривање на животните трошоци.

Парите се несомнено значаен поттик за повремено или трајно одавање на проституцијата, додека во сите професии покрај знаењето мора да се стекне и искуство, па дури тогаш да се надева на зголемување на личните приходи. Во оваа професија, жената може да заработи многу пари, веднаш штом ќе започне да се проституира, бидејќи неискуството на пазарот на љубовните услуги им дава сјај на новите пред искусните и познати колешки. Некогаш таа била табу тема за јавноста додека денес во штампата безобзирно се експериментира со најстариот занает. Се измислуваат приказни и исповеди на уличарки.

Треба да се има во предвид дека нашиот менталитет е премногу контраверзен - строго патријахален. Ние се срамиме за постоењето на проституцијата во нашата земја. Во некои средини дури не може јавно да се разговара за постоењето на проституцијата. Едноставно не сакаме да го видиме тоа што постои. Го криеме тоа од себе... И во таа сфера доаѓа до израз нашиот двостран морал. На жалост, тој двостран морал полека како да исчезнува од нашата свест. Сега новата ера ни носи нешто сосем ново - тотална ерозија на моралот. Се прашуваме: дали е подобро да се има двостран морал или да се нема никаков?

Во овој занает не цвета мед и млеко, за оваа работа воглавно се ангажираат наивни девојки кои тргнуваат во овие неизвесни авантури сонувајќи и мечтаејќи за добра заработка, накит, злато и свила, а неретко тој пат завршува безнадежно.

Има претставници од високата проституција на кои им е добро, не се жалат и велат дека одлично поминуваат во хотелите, каде има работа преку глава. Постојат плакати со предупредувачки натписи „внимание AIDS"!!! Меѓутоа блудниците скоро и не ја спомнуваат злокобната СИДА. Овде како и да не постои страв од болеста на XX век. Верувале или не - повеќето проститутки го продаваат телото без кондом. Оваа работа е сосема дискретна. Проститутките не се сметаат за уличарки, никој не знае за нивното проституирање, во некој случај тие се повикувани по телефон, доаѓаат на одреденото место, ја завршуваат



работата, добиваат пари и убаво се разделуваат. Без желба го работаат ова, меѓутоа мора да заработаат пари. Нивните родители немаат доволно средства да ги школуваат и мислат дека заработуваат преку студентските задруги. Ни нивните момчиња не знаат што работаат, нити било кој ќе дознае за нивното проституирање. Тие девојки се без пари за нивните најелементарни потреби. Од друга страна има студентки кои се занимаваат со проституција воглавно за луксуз, да би на тој начин заработиле за модерна гардероба, да одат некаде на летување или зимување.

После сексот - десетка во штампата

Според кажувањата на проститутките фудбалерите, естрадните уметници, политичарите и други ги сакаат и ги обожаваат. Импотентните типови и квазилекарите само зборуваат дека после добар и здрав секс следат лоши резултати на теренот и на сцената. Додека, проститутките го тврдат спротивното: „Тоа е само сладок и потребен замор. Да се

свесни за тоа тренерите и луѓето од управните клубови сигурно повеќе би не плаќале. После една вечер помината со мене, еден голман другиот ден бранеше во животна форма. После таа утакмица доби во сите весници чиста десетка. Тоа само го поткрепува нашето тврдење."

Сосема е сигурно да овие проститутки кои се вмешани во фудбалот и естрадата доста добро живеат. Сите тие се облечени по последната мода, делуваат атрактивно, имаат скапи модерни фризури, на рацете скапоцен накит. Исто како да пристигнале од западниот „цетсет". Делуваат доста самоуверено и повеќето од нив имаат речено дека - нема и не може да биде подобро...

Машка проституција

Од истражувањата на Врашко Ачимовиќ ги истакнуваме и овие фрапантни информации дека постои и машки „куплерај". Се работи за газда на кого тоа му е единствено занимање, има своја екипа хомосексуалци кои ги нарекува „момци".

Моментално има 40-тина „момци" кои се занимаваат со машка проституција и се постојани членови на неговиот „куплерај". Покрај тоа има и неколку помошници „макроа" кои му набавуваат муштерии. Инаку машкиот „куплерај" работи во строга дискреција и анонимност. Во куќата има седум соби за „работа". Во секоја од нив има импровизирано платно и видерекордер, како би гледале и хомосексуални порно-филмови. За тој стимуланс нема доплата. Газдата



мисли на сè. Постојат разни видови кожени каиши, дрвени шиби и железни ланци, за оние кои се мазохистички расположени. „Момците" со слаба материјална состојба за цела ноќ секс плаќаат 70 DM. Но затоа ги добиваат најгрдите „момци". Овие „момци" со не баш привлечен изглед се регурираат од редовите на пропаднати хомосексуалци, алкохоличари и наркомани кои најмногу ги има на железнички и автобуски станици или се вртат околу ресторанте. Макроата најчесто работаат на железнички и автобуски станици и секаде каде се собираат „хомичи", а странските гости ги пречекуваат на аеродромите и во хотелите. Во ќебовите носат слики од заводливи „момци" и кога ќе се договорат ги водат во „куплерај", освен ако нарачателите на услуга не бараат да им ги доведат момците во станот или хотелската соба. И тогаш газдата зема свој процент. Доста се ретки измамите и конфликтите во оваа илегална машка проституција. Конкуренција речиси и нема. Ако се случи да некој муштерија не сака да плати, цврстата тупаница на макроата со ножеви, пиштоли за миг ќе го изладат оној кој сакал бесплатно задоволство. За „куќата на љубовта" се бараат жртви и преку љубовните огласи и во разновидни ревии. Најчесто огласите се под шифра и само може да се назирне што се крие под тоа. Најчесто тие огласи се со следнава содржина: „Некогаш за добро расположение е доволен и прав пријател а не само женски".

интелектуалец 30 години.
шифра:(„разновидност")

Превенција на проституцијата

Се преземаат мерки насочени кон влијанието врз индивидуалните фактори и мерки врз поширок индивидуален план: сексуално воспитување низ спацијализирани програми во училиштата: програми за ментална хигиена насочени кон навремено откривање на аномалиите кај личноста особено кај младите луѓе; мерки на полициските и судски органи, организирање научни истражувања, подготвување специјализирани кадри за борба против проституција; разрешување на социјалните фактори што наведуваат на проституција (семејство, соседство, сиромаштија, фрустрација, напнатост и слично).

М. Петрушевска



Шкорпија - Шкорпија
20.2.1973., вторник
7,30 h, Велес
Маја П.

Знаете да се жртвувате и надарени сте со голема доза на разбирање. Конфорот, односно хармонијата е она кон кое што вие тежнеете. Вие сте хиперсензитивни. Надворешно изгледате како особа што не е самоуверена, но вие на тивок начин многу работи постигнувате. Способни сте да го спознаете потсвесниот дел од вашата психа. Ве привлекуваат работи во институции, хуманитарни друштва, истражувачки центри, а најчесто сакате да работите далеку од очите на јавноста. Вашето расположение нагло се менува. Индолентни сте и склони кон флертување. Друштвени сте, добра домаќинка, сакате убаво опкружување, декори, облека. Ви одговараат динамични и амбициозни партнери кои ќе умеат да ви дадат чувство на сигурност, а да не ви ја загрозат вашата потреба за лична независност. Партнерот мора да ви биде пријател, исто колку и љубовник. Вие ќе го поддржувате својот партнер, ќе бидете поверлива личност од која вашиот сопатник ќе зависи.

Риби - Водолија
5.3.1973., понеделник
4,15 h, Радовиш
Јанка

Доста сте несигурни, бидејќи сте свесни дека вашите средства не се секогаш во склад со високите цели кон кои тежнеете. Како последица на тоа кај вас се јавува егоцентричноста. Понекогаш ви недостасува смисла за хумор. Сетилата можат да ве излажат, поради претерано развиената романтичност и оптимизам. Бидејќи во сè сакате да видите најдобро, стварноста и вистината само ве вознемируваат. Често го менувате мислењето. Можете да бидете и неповерливи и склони кон депресии. Барате силен партнер што ќе умее да ве заштити и да ја разбере вашата длабока и понекогаш конфузна слика. Потребно ви е потполно да се поистоветите со својот партнер или јавноста за да можете да делувате како целосна личност. Физички сте активни и немирни. Лесно глумите и лесно се изразувате.

Риби - Шкорпија
21.2. 1971., недела
23,00 h, Прилеп
С.Т.

Вашите акции и реакции често не ги разбираат другите, но од ваша страна се сосема оправдани. Тешко се вклопувате во шеми. Имате голема желба за сигурност. Имате многу потсвесни ставови и можете да бидете пречувствителни во однос на реалните или имагинарните опасности. Доста сте достоинствени и имате голема амбиција за постиЂгнување на успех. Лесно стекнувате непријатели, без оглед дали тоа го заслужувате или не, и тоа може да ви нанесе штета на вашиод углед. На работа сте вредни и истрајни и ја преземате одговорноста на себе. Во емотивните односи ќе барате верност и поддршка од партнерот за сите животни акции. Треба да научите да ги прифатите советите од блиските лица и поотворено да ги покажете своите желби и емоции. Бавни сте во развивањето на врските. Можете да одберете било доста постара личност или зрел партнер, или пак далеку помлад партнер за кој ќе се чувствувате одговорни. Тоа ќе биде или некоја личност што ја познавате долго време или ќе ве запознае некој роднина.

Астролог,
Аранѓеловиќ Светлана

Од 01.11. - 01.12.1996 год.

Овен

Хармонично може да се изразите со вашиот партнер низ чувства и да имате слични погледи на идеологијата, на 17.11. Ќе ви треба време да ги наполните своите батерии, со тоа што ќе се повлечете, за да им се покажете на другите во невообичаена светлост. Избегнувајте конфликти со партнерот околу 9.11. и 26.11. Можеби ќе сакате да отпатувате околу 13.11. каде би можеле да се запознаете со еден Стрелец.

Бик

Околу 16.11. премногу ќе се исцрпувате во работата и ќе раководите со туѓи финансии или финансиите на партнерот. На 26.11. ќе имате потреба да се изолирате и да бидете сами. Контролирајте го вашиот его да не влезете во конфликт со едниот од родителите. Крајот на октомври бидете поекономични. Околу 3.11. не влегувајте во конфликт со партнерот. На 13.11. вашиот шарм и привлечност ќе бидат изразени. Една Вага може да ви се приближи.

Близнаци

На 17.11. би можеле да имате хармонија со еден Лав. На 26.11. лесно ќе се возбудувате и не влегувајте во конфликт со пријателите. Нестрпливи сте, немирни и нервозни. Морате да ја развивате самоконтролата. Кон крајов на месецов контролирајте го вашето силно его да не влезете во судир со партнерот. 13.11. ви се подобруваат партнерските односи.

Рак

На 15.11. една Шкорпија што ќе биде покрај вас, не ја идеализирајте. На 19.11. може да дојде до конфликт или меѓу родителите или меѓу партнерот. Потребно ви е да бидете друштвено корисни. Околу 28.11. некои од пријателите може да ве искористат на финансиско поле. Околу 7.11. ќе посакате на краток пат да заминете. На 15-16.11. ќе бидете доста чувствителни и на вас лесно ќе може да се влијае.

Лав

Вашата голема активност за домашните потреби, може да ве исцрпи. Внимавајте во користењето на лековите. На 17.11. можете да имате успех во пишувањето, комуникациите, спортот, театарот и изразувањето на љубовта. Околу 27, 28.11. контролирајте го вашето силно его, за да немате проблеми во друштвото, кариерата. Не донесувајте брзи одлуки. На 13.11. пријатно ќе се чувствувате со еден забавен Стрелец.

Девица

Вашите излегувања, одења на забави можат да донесат финансиски трошоци на 19.11. 22.11. може да донесе подобрувања, како резултат на вашата работа или ангажираност. Вашето чувство на сопствена вредност, доста зависи од поддршката што ја добивате од другите. На 3.11. можеби ќе се чувствувате напнати и ќе посакате да се изолирате. На 15.11. може да ви го привлече вниманието еден ладен Јарец.

Вага

Контролирајте го вашето его за да не влезете во конфликт со еден од родителите, околу 19.11. Вашите поуки што ќе ги добиете од непосредните односи на крајов на месецов, ќе ве натераат да барате драстични решенија на своите проблеми. Околу 3.11. ќе бидете нерационални. Околу 13.11. ќе зрачите со вашиот шарм во вашата околина и ќе му го привлечете вниманието на еден Близнак.

Шкорпија

Околу 15.11. ќе посакате да се повлечете од непосредната околина. Моарате да се научите да им служите на другите, за да не дојде до финансиски проблеми. Ќе чувствувате силна потреба да бидете во центарот на вниманието. Почетокот на ноември контролирајте го вашето его да немате проблеми во кариерата. Околу 14.11. можеби ќе се впуштите во некоја тајна врска. Една Риба би можела да ви даде малку романтика.

Стрелец

На 17.11. можете да имате успех во односите со јавноста или да бидете добар организатор. Вашата храброст, независност и исцрпување во работата, околу 28.11. ќе ве направи директни и ќе очекувате другите да бидат исто толку вредни. Контролирајте го вашето силно его да не влезете во конфликт со партнерот. На 9.11. избегавајте финансиски трошоци во друштво. Едно пријателство со Водолија може да прерасне во љубов.

Јарец

На 19.11. вашата потреба да бидете признати за вложениот труд, нема да биде исполнета. Вашата мечта ќе ви се развие и можете да ја искористите во пишувањето или говорот. Крајот на октомври ќе се чувствувате осамено. На 11.11. можете да бидете добар организатор. Околу 13.11. ќе добиете професионална помош, од особа од која не очекувате. Еден Бик може да ви биде наклонет.

Водолија

Вашата интуиција ќе ви помогне на професионално поле. Околу 19.11. ќе ви се јави желба да заминете на кратко и да се изолирате. Избегнувајте конфликти на 28.11. со особи родени во знакот на Бик. Не се напрегнувајте психички, бидејќи вашата нервоза може да има и физички манифестации. На 13.11. можеби ќе стапите во контакт со особа која не е од вашето родно место. интуитивно може да ве почувствува една Риба.

Риби

Идеализирајќи ги пријателите, ќе мислите дека и тие имаат исти погледи на светот. На 19.11. може да ви се јават проблеми во раководењето со туѓи финансии или поддршката од другите. Околу 28.11. морате да го контролирате својот темперамент за да немате проблеми со непосредната околина. На 7.11. ќе бидете полни со топлина за една Девица. Заблагодарувајќи му на вашиот партнер, ќе добиете чувство на сигурност на професионален план или во друштво, околу 13.11.

Астролог,
Аранѓеловиќ Светлана



Скандинавка

1. Шпански артист („Десперадо“)
2. Персиско луле
3. Припадничка на шпанско племе
4. Женско име нагалено (Цутика)
5. Премиер на Филипините, Корасон
6. Австралиски пејач Џејсон
7. Кислород
8. Боб Дилан
9. Мајката на Ромул и Рем
10. Еден македонски крал
11. Белградска артистка (фотос)
12. Опера од Верди
13. Кратенка за германската марка - светлечки гас
14. Дел од целото
15. Ангелина Иванова-наука за мирот
16. Крило на политичка партија (мн.)
17. Азот - додаток на ракијата (растение)
18. Името на артистот Нолти
19. Германски фудбалер Волфганг-обично арапско писмо
20. Град во Источна Монголија
21. Грчка божица на мудроста-ракометен клуб
22. Авионска кратенка за Австрија
23. Добрина-ѕвезда (лат.)
24. Река во Украина
25. Бор
26. Атлетски спортски клуб (скр.)-повторен избор
27. Дел од книга-лик од цртаните филмови
28. Град во Русија
29. Англиски филозоф Френсис-африканско дрво
30. Името на пејачот Кинг Кол
31. Јужно овошје-водород
32. Парична единица на Мароко
33. Лабораториска игла
34. Река во Сибир - загрепски театар
35. Роберт Бојл
36. Град во Нигерија-една нота
37. Срцева артерија
38. Ампер
39. Среќавање, состанок

Автор: Миланчо Миленкоски



- Ама, морам за нешто да се држам!



	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
1														
2														
3														
4														
5														
6														
7														
8														
9														

Хоризонтално:

1. Американска пејачка од кубанско потекло (фотос) (0)
2. Опера од Џузепе Верди-пријатен мирис (1)
3. Француски весник-покажување, прикажување (1)
4. Начин на однесување (мн.)-оглас, објава на јавно место (1)
5. Имагинарен број-името на пејачката Мајлс-латинска буква (2)
6. Свечена поворка-боцка(2)
7. Католички свештеници-состав од три члена (1)
8. Рудник кај Крива Паланка-сулфур (1)
9. Асирско божество-друм (1)

Вертикално:

1. Германски филолог и писател, Јакоб (1785-1863 (0)
2. Главен град на Перу (0)
3. Појава при горење (0)
4. Странско машко име (0)
5. Пражители на Балканот-Отилија (1)
6. Снежен човек од Хималаите-кус рекламен филм (1)
7. Грчка божица на одмаздата-монголски номадски народ (1)
8. Втората и четвртата самогласка-непечена тула (1)
9. Секунда-еден хемиски елемент,благороден метал (1)
10. Вид тестенина-иницијалите на писателот Точко (1)
11. Името на американската писателка Јонг-техницијум (2)
12. Вид морски цицач,тулен-бразда (1)
13. Непрофесионалци-ампер (1)
14. Својство на човек кој зборува низ нос (0)

Автор: Миланчо Миленкоски

Без глупости

- Ако бидеш добар штркот ќе ти донесе братче - му вели бабата на внукот.
- Те молам, бабо, по некој ден мајка ми ќе се породи, па не би требало да ја плашиме со глупости.

Полиглот

Ја прашува лекарот својата млада пациентка:
- Дали некој ви правел спирографија?
- Само еднаш, два пијани морнари - му одговара срамежливо девојката.

Ребус
(Остров во Малите Антили)

Мистерија Рајдер

Решение: Мартиник=Марти, Ник

Автор: Миланчо Миленкоски

Нов тренд во шминкањето

Во мода е природност

На модните ревии во Милано и Париз, покажан е нов тренд: крајно дискретно, но не без шминка.

Миуча Прада за презентација на својата мода, сакала шминка која би го истакнала нејзиниот чист стил. Така Пет Мекграт за Прадината ревија го претстави „необлеченото" лице на моделот на новата генерација Триш Гоф.

- Тенот останува проширен, со благ сјај - објаснува Мекгрет.

- Бојата на усните е благо истакната со сјај кој делува природно и само очите се нешто повеќе нагласени. Меѓутоа, тоа нагласување на очите, за да изгледа што понежно, користела и сенки во крем на бронзена боја.

За модната ревија на фирмата "Chloe" во Париз, Стефан Маре, предност дава на златните, бронзените и бакарни тонови.

- Најважна била сјајна основа која ја нарекува „здрав изглед", а на неа металик светкава сенка на очите и сјајни усни кои делуваат многу елегантно. Успешната симбиоза на гламур и природност на своето лице го претстави Американката Мишел Хикс.

На лицата на моделите во Париз и Милано природноста е уште поупадлива. Усните се само малку нагласено со црвенкаст сјај. За очите се користени светли до темносмеѓи и сиви тонови. Ако усните се појако нагласени, очите мора да останат природни.

- Црвените усни на готово ненашминкано лице, делуваат прекрасно - објаснува Стефан Маре, кој ваквата шминка ја предложува за навечер. Усните така не делуваат нападно, туку многу шик.

Разговори за модата

Есен и зима "96/'97

Веќе е време да по којзнае кој пат ги претресете вашите регали и да направите селекција на она што го имате од минатата зима или пак можеби да позајмите нешто од вашите мајки или пак баби. Впрочем, кога кон крајот на јануари на саемот за мода во Париз се обелоденија моделите за оваа есен и зима, на сите ни стана јасно дека сè е исто како кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години.

За полесно снаоѓање, организаторите на саемот на еден голем штанд го прикажаа сè она што ја обележува оваа сезона: од материјал, преку боја, до кроеви. По долго владеење на природните материјали очигледна е инвазијата на вештачки односно техно материјали, стреч, фланел и компактни синтетички ткаенини.

Што се однесува до бојата, оваа зима ќе преовладува еднобојното и тоа во разни тонови: црвена, плава и „кисело" жолто-зелена. Во комбинација се црвена и портокалова, зелена и жолта, плава и љиљакова..., а сè во суптилни нијанси.

Дека шеесеттите години се присутни меѓу нас најдобро покажуваат кроевите. Тоа се убаво обликувани рамена и ревери, појаси на половината, нашиени џебови, дупли штепови често во друга боја.

1) Одела

Витката силуета која го следи телото, меките материјали како што се сомот, свила, кашмир, машките одела ги претвараат во женски костими со панталони. Панталоните се тесни, долги, а горните делови укроени, кратки или ги покриваат колковите.

2) Војнички стил

Офицерските јакни и мантили, еполети, метални копчиња, на оваа мода ѝ даваат војнички, но мирољубив изглед. Причина што дизајнерите, по којзнае кој пат се одлучија за овој стил, е пред сè што е спортски, удобен и практичен.

3) Костими: едноставно и строго

Костимите со здолништа постануваат униформа на секоја жена од кариера. Новите форми на горните делови се во облик на кутии, кошули или сафари јакни со чиста форма и изгледаат строго. При тоа, здолништата што ги дополнуваат се женствени, прилично умерени, со должина околу колената; рамни, sвонести, на преклоп или со фалти.

Моден хит

Дали би ви се допаднало или не, сепак во склад со облеката обувките за оваа есен и зима имаат високи потпетици и удобни засечени врвови. Меѓутоа, секако најекстравагантни изгледаат сандалите кои се носат со волнени чорапи!

Гордана Атанасова

Музичката лабораторија на Brian Eno

Ви го претставува звучниот експеримент - Passengers -

Неуморен, полн со идеи и креативност, иноватор на музиката во деветесеттите години, човекот кој, што ја интернационализира и глорифицира музиката на Peter Gabriel, Dawid Bouwie, U 2, - Brian Eno.

Сега веќе со друга функција и задача го формира тимот „Passengers" во состав U 2 (Bowo Edge, Adam, Larry), Lucciano Pavarotti, Howie B., Dawid Herbert, Holger Zschenderlein... и плејада на други музичари, буквално од сите меридијани.

Sound track от „Passengers" инаку претставува филмска музика. 14-те песни се наменети за 14-те филмови, во кои, за податок ќе споменам дека тука се наоѓа и песната за најновиот филм на Wim Wenders и Michelangelo Antonioni "Beyond the Clouds".

Музиката е исполнета со звуци и ефекти од денешниот Sound-trend и еден вид промоција на музичката, посебно инструменталната технологија. Звукот на модулираната гитара, специфичните ритам машини, комбинирано заедно со гапаните кои имаат квадрифонична боја и сјај.

Со самото нејзино излегување во продаба таа го исфрли и првиот хит, а тоа е познатата песна на U 2 со Lucciano Pavarotti "Wis Sarajevor наменета за истоименио награден филм на Bill Carter.

За љубителите на филмската, а и пошироко, моја лична препорака овој музички запис да си го најде своето место во вашата фонотека.

Васевски Игор

Спасител

Ме одминуваше радоста
моите гладни мечти
љубовта недосакана
сонот прекинат...
Една црна сенка
сакаше сонцето да ми го земе
парчето небо да ми го скрши
светлината да ми ја згасне
векето да ми го свене
птицата на радоста да ми ја усмрти.
Ја барав, грчевито со неа се борев
сакав долго, долго да се радувам
на изгревот на новиот ден
да трчам како дете во преерет
на страшните бури
а таа беше надмокна-
секогаш присутна,
злобна и силна
исцрпена, падната на мрачното
дивотно дно
омаѓо се предавав
со далек поглед и дел за живот
А тогаш како во сон
една добра душа
ми го осветли хоризонтот
една топла човечка рака
ме подигна и поведе напред
сонот ледот ме омрази
со заборовите препорови
сонцето ми го врати.
ТС

Заблуда

Со тресен ритам, тивко
нестварен
ко трепетна сенка
лоѓаш
се приближуваш сосема јасно
те гледам те допирам.
безжално, нежно
се плашам да не те изгубам
паѓе се стопи од моите допири
се насмевнуваш - тука сум
шепотиш тивко - со тебе сум,
секој миг и кога ничеш и кога
страдаш и кога се чувствуваш
безнадежно гајла
јас сум детот творец младост
дел од тебе-то постоеме
Ја чувствувам твојата
топла и нежна
одреката трепам те
Се будам - каде си
зошто лоѓаш - сам
соништа

hardware
software
publishing
multimedia
networking

EIN-SOF

VO EKONOMSKIOT FAKULTET - SKOPJE
TEL. 111-123, 112-308

CIN-EMA

NIGHT CLUB

CLUB OF STUDENTS
FROM THE UNIVERSITY OF SKOPJE